СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 13 октомври 1997 Скопје
Број 52 Год. LIII

Аконтацијата за 1997 година изнесува 6.400 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

1004.

Врз основа на член 84 алинеја осма од Уставот на Република Македонија, донесувам

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ

I

Д-р Алекса Стаменковски се именува за заменик директор на Агенцијата за разузнавање.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-896
7 октомври 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

1005.

Врз основа на членовите 68 став 2 и 65 став 4 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 8 октомври 1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА МАНДАТОТ НА АРБЕН ЏАФЕРИ,ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

На Арбен Џафери,пратеник во Собранието на Република Македонија,му се одзема мандатот, поради неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци.

Со одземањето на мандатот на пратеникот Арбен Џафери му престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3252/1
8 октомври 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

1006.

Врз основа на член 76 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 9 октомври 1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА СОСТАВ НА АНКЕТНАТА КОМИСИЈА ЗА СОГЛЕДУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИТЕ ПРЕЧЕКОРУВАЊА НА ОВЛАСТУВАЊАТА ПРИ ИНТЕРВЕНЦИЈАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО ГОСТИВАР НА 9 ЈУЛИ 1997 ГОДИНА

1. За претседател и членови на Анкетната комисија за согледување на евентуалните пречекорувања на овластувањата при интервенцијата на полицијата во Гостивар на 9 јули 1997 година се именуваат:

За претседател – Мерсел Билали,

За членови – Туше Гошев,
Алил Џафероски,
Лазар Димов,
Звонко Каров,
Мирко Трипуновски и
Газменд Ајдарага.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3250/1
9 октомври 1997 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

1007.

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 4/96), член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6.10.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ЗА ОБЈЕКТОТ „ЗАФАТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ“, ШТО ТРЕБА ДА СЕ ГРАДИ НА ЦРНА РЕКА КАЈ С. ПРИБИЛЦИ, ОПШТИНА СОПОТНИЦА

1. Со оваа одлука се определуваат услови за градба на објектот „Зафат за наводнување“, што треба да се гради на Црна Река, кај с. Прибилци (во непосредна близина на Царски Мост), општина Сопотница, КО „Сопотница“, во м.в. „Крбла“, на дел од КП бр. 3987, катастарска култура води, а се зафаќа површина согласно проектот, на инвеститорот „Југотутун“ АД Демир Хисар, на земјиште сопственост на Република Ма-

кедонија, и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог-ситуација во М 1:250, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2244/1
6 октомври 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1008.

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 17-б од Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на РМ", бр. 36/75; 41/75; 10/79; 7/86; 51/88; 38/91; 4/93), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6.10.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ (ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ) СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се отуѓуваат недвижниот имот - деловни простории сопственост на Република Македонија, корисник Министерството за одбрана и тоа:

Во Скопје

1. Деловна просторија на улица „Велко Влаховиќ" бр. 4 – Скопје, со површина од 85.00 м^2;
2. Деловна просторија на улица „Велко Влаховиќ" бр. 1 – Скопје, со површина од 98.52 м^2;
3. Деловна просторија на улица „Велко Влаховиќ" бр. 1-а – Скопје, со површина од 106.08 м^2;
4. Деловна просторија на улица „Велко Влаховиќ" бр. 1-а – Скопје, со површина од 60.11 м^2.

Во Штип

1. Деловна просторија на улица „Ванчо Прќе" бр. 54 – Штип, со површина од 66.00 м^2.

Во Прилеп

1. Деловна просторија на улица „Гоце Делчев" бр. 56 – Прилеп, со површина од 59.70 м^2.

Во Велес

1. Деловна просторија на улица „Маршал Тито" бр. 54 – Велес, со површина од 51.00 м^2.

Во Тетово

1. Деловна просторија на улица „Илинденска" бр. 43 – Тетово со површина од 73.50 м^2

Во Битола

1. Деловна просторија на улица „Партизански одреди" бр. 96 и 98 – Битола, со површина од 94.00 м^2.

Член 2

Недвижностите од член 1 на оваа одлука се отуѓуваат согласно законските прописи.

Почетната цена претставува вредноста утврдена со проценка извршена од Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 3

Одлуката за отуѓување на недвижностите да ја реализираат Министерството за одбрана и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Член 4

Плаќањето на цената на објектите се врши во готово со денари и да се уплатат на сметка на Министерството за одбрана.

Член 5

Средствата остварени со отуѓувањето на објектите претставуваат приход на Министерството за одбрана.

Член 6

За отуѓувањето на објектите министерот за народна одбрана да склучи договори со правните и физичките лица.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 23-2333/1
6 октомври 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1009.

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 18 став 3 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен весник на РМ", бр. 41/85 и 51/88), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.10.1997 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ

Член 1

Недвижниот имот – објект (училиште) со површина од 434 м^2 и дворно место со површина од 241 м^2 лоцирани на КП 5639 и КП 5640 – КО Битола, а кои се наоѓаат на бул. „1-ви Мај" бб, сопственост на Република Македонија се даваат на времено користење на Министерството за образование и физичка култура - Музичко училиште Битола.

Член 2

Правото на користење на недвижниот имот опишан во член 1 од Одлуката се определува до изградбата на новиот училишен објект.

Член 3

Постапката за примопредавање на недвижноста да ја спроведе Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2210/1
6 октомври 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1010.

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 63/95) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“, бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.10.1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за одбрана и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8704		Моторни возила за превоз на стоки:	
	8704 21	--Со бруто маса до 5 т.	
	8704 21 39 00	----- Употребувани	
		а) Камиони тип М1008 со бруто маса до 5 т.	
		1) IGCGD34J5FF372642	1 парче
		2) IGCGD34J3FF358903	1 парче
		3) IGCGD34J8FF425589	1 парче
		4) IGCD34J2FF3827071	1 парче
		5) CCD34J7EF345621	1 парче
		6) ICCCD34JOFF338995	1 парче
		7) ICCCD34J9FF395809	1 парче
		8) IGCGD34J1FF420993	1 парче
		9) IGCGD34J9GF395598	1 парче
		10) IGCGD34J4FF380439	1 парче
	8704 22	-- Со бруто-маса над 5 т. до 20 т.	
	8704 22 99 00	---- Употребувани	
		а) Камиони, тип М35А, со бруто маса над 5 т. до 20 т. со следните броеви на мотор и шасија	
		1) 3853716 и С 12515472	1 парче
		2) 3991659 и 064012748	1 парче
		3) 3884361 и 053913372	1 парче
		4) 31984 и 064011179	1 парче
		5) 4885809 и 012533422	1 парче
		6) 3830857 и 32521191	1 парче
		7) 3912706 и 064614361	1 парче
		8) 3974630 и 064012529	1 парче
		9) 3903313 и 054012477	1 парче
		10) 3485 и 012534922	
		11) 3871317 и 0771617	
		12) 3850228 и 032521074	
		13) 3910026 и 064012200	
		14) 3925843 и 032517326	
		15) 3814267 и 012534861	

2 Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр 23-2275/1
6 октомври 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1011.

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на Република Македонија“ бр 20/93 и 63/95) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“, бр 38/90 и „Службен весник на РМ“, бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 10 1997 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за култура – Народен театар – Битола и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8703		- Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тар. бр. 8702), вклучувајќи и моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот караван, комби итн.) и автомобили за трки:	
	8703 23	-- Со зафатнина на цилиндрите над 1500 см^3 до 3000 см^3:	
		--- Нови:	
		---- Со зафатнина на цилиндрите над 1500 см^3 до 2000 см^3:	
		----- Патнички автомобили, составени:	
	8703 23 10 11	------ Со вграден катализатор	
		а) Патнички автомобил DAEWOO	
		Тип: ESPERO CD	1 парче

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2276/1
6 октомври 1997 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1012.

Врз основа на член 10 став 1 точка е од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/96), министерот за правда донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕМА И ПРОСТОРИИ ПОТРЕБНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА НОТАРСКАТА СЛУЖБА

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за определување на опремата и просториите за вршење нотарска служба (нотарски канцеларии).

Член 2

Нотарската канцеларија треба да биде сместена во простории примерни за угледот на нотарската служба и опремени на начин кој овозможува непречено и квалитетно вршење на нотарските работи.

Член 3

Просториите во кои е сместена нотарската канцеларија треба да бидат посебна градежна целина со посебен влез.

Нотарската канцеларија треба да има најмалку една работна просторија, чекална и тоалет. Вкупната повр-

шина на нотарската канцеларија по правило не може да биде помала од 30м^2.

Член 4

Нотарската канцеларија може да биде сместена во индивидуална станбена зграда, во колективна станбена зграда или во деловна зграда.

Нотарската канцеларија не смее да биде сместена во објект кој според својот изглед и според дејноста што се врши во него го доведува во прашање угледот на нотарската служба.

Ако нотарската канцеларија се наоѓа во повеќекатна зграда во која нема лифт, таа може да биде сместена најмногу до третиот кат.

Член 5

Нотарската канцеларија треба да биде уредна и чиста.

Член 6

Нотарската канцеларија треба да биде обезбедена со противпожарни апарати и средства, согласно со прописите што ја уредуваат противпожарната заштита во државната управа.

Член 7

Нотарската канцеларија треба да има огноотпорни метални ормани со полици, со сигурносни брави за сместување на архивата, и огноотпорна метална каса за сместување на скапоцености, исправи, пари и хартии од вредност дадени на чување.

Нотарската канцеларија треба да има телефон и телефакс.

Нотарската канцеларија треба да биде снабдена со потребна канцелариска опрема: биро, потребен број на столчиња за странките во работната соба и во чекалната, машина за пишување и други средства за пишување и друг потребен канцелариски материјал.

Член 8

Во нотарските канцеларии не смее да се истакнуваат партиски симболи и материјали сврзани со делување на политичките партии.

Член 9

Лице кое има намера да учествува на конкурс за именување на нотари, ќе побара да бидат прегледани просториите за вршење на нотарската дејност.

Министерот за правда ќе го овласти претседателот на основниот суд на тоа подрачје да ги прегледа просториите.

Претседателот на судот за да ја утврди фактичката состојба, ќе состави посебен записник во кој ќе изнесе и свое мислење за тоа дали просториите одговараат на условите предвидени со овој правилник.

Доколку мислењето на претседателот на судот е негативно, лицето од став 1 од овој член може во рок од 8 дена од кога ќе го прими ова мислење, да побара деловниот простор да го прегледа Комисија на Министерството за правда.

Член 10

Записникот и мислењето на претседателот на судот или мислењето на Комисијата на Министерството за правда од член 9 на овој правилник има значење на доказ во смисла на член 10 став 1 точка е од Законот за вршење на нотарските работи.

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 09-2266/1
3 октомври 1997 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Ѓорѓи Спасов**, с.р.

1013.

Врз основа на член 140 став 3 од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/96), министерот за правда донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА БРОЈОТ И РАСПОРЕДОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА НА НОТАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите на подрачјето на Република Македонија.

Член 2

Бројот на нотарите на подрачјето на секој основен суд се определува во зависност од бројот на жителите на тоа подрачје, според последниот службен попис и тоа по правило на секои 20.000 жители се именува по еден нотар.

За подрачјето на основните судови во чија надлежност е водењето на судскиот регистар, се именува уште по еден нотар.

Како критериум за определување на бројот на нотарите може да се земе и бројот на регистрираните правни лица на подрачјето на еден основен суд.

Член 3

Службеното седиште на нотарот, по правило се определува во седиштето на основниот суд за чие подрачје е именуван нотарот.

Службено седиште на нотарот може да се определи и надвор од седиштето на основниот суд на чие подрачје е именуван и тоа во седиштето на општината на подрачјето на тој суд доколку таа општина има 20.000 жители.

Ако подрачјето на општината од став 2 од овој член има повеќе од 20.000 жители, во седиштето на таа општина се определува уште по едно нотарско службено седиште на секои започнати 20.000 жители.

Член 4

За подрачјето на основниот суд чие седиште во поголемите градови е нотарско службено седиште, седиштето на нотарот се определува по правило по населби или квартови, според критериумите од член 3 од овој правилник.

Член 5

Ако на начинот определен во членот 4 од овој правилник, не може да се утврди нотарското службено седиште, тоа се утврдува за сите нотари во исто место.

Член 6

Составен дел на овој правилник е нацртот на распоредот на службените седишта на нотарите на Република Македонија.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 09-2267/1
3 октомври 1997 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Ѓорѓи Спасов**, с.р.

НАЦРТ НА РАСПОРЕД
на службените седишта на нотарите во Република Македонија

Димензија: (210 x 297 мм)

Подрачја на општини на територијата на Република Македонија	Стварна и месна надлежност на основните судови	Број на нотари (места)	Службено седиште на нотарот	
			Место	Број
БЕРОВО Пехчево	Берово	1	Берово	1
БИТОЛА Бистрица Новаци Бач Старавина Могила Кукуречани Цапари Добрушево	Битола	7	Битола	6
ДЕМИР ХИСАР Сопотница	Битола Одделение Демир Хисар		Демир Хисар	1
ВИНИЦА Блатец	Виница	1	Виница	1
ГЕВГЕЛИЈА Миравци Богданци Стар Дојран	Гевгелија	3	Гевгелија	2
ВАЛАНДОВО	Гевгелија Одделение Валандово		Валандово	1
ГОСТИВАР Неготино-Полошко Врапчиште Ростуше Маврови Анови Чегране Долна Бањица Србиново Вруток	Гостивар	6	Гостивар	6
ДЕБАР Центар Жупа	Дебар	2	Дебар	2
ДЕЛЧЕВО Македонска Каменица	Делчево	2	Делчево	2
КАВАДАРЦИ Конопиште Росоман	Кавадарци	3	Кавадарци	3
КИЧЕВО Другово Осломеј Вранештица Зајас	Кичево	4	Кичево	3
МАКЕДОНСКИ БРОД Самоков Пласница	Кичево Одделение Македонски Брод		Македонски Брод	1
КОЧАНИ Чешиново Облешево Зрновци Оризари	Кочани	3	Кочани	3
КРАТОВО	Кратово	1	Кратово	1
КРИВА ПАЛАНКА Ранковце	Крива Паланка	2	Крива Паланка	2
КУМАНОВО Липково Орашац Клечовце Старо Нагоричане	Куманово	7	Куманово Липково	6 1
КРУШЕВО Житоше	Крушево	1	Крушево	1
НЕГОТИНО Демир Капија	Неготино	2	Неготино	2
ОХРИД Белчишта Косел Мешеишта	Охрид	4	Охрид	4

1	2	3	4	5
ПРИЛЕП Долнени Тополчани Кривогаштани Витолишта	Прилеп	5	Прилеп	5
РАДОВИШ Конче Подареш	Радовиш	2	Радовиш	2
РЕСЕН	Ресен	1	Ресен	1
СВЕТИ НИКОЛЕ Лозово	Свети Николе	2	Свети Николе	2
СТРУМИЦА Ново Село Василево Босилево Куклиш Муртино	Струмица	5	Струмица Ново село	4 1
СТРУГА Луково Делогожди Лабуништа Велешта Вевчани	Струга	4	Струга	4
ТЕТОВО Џепчиште Теарце Брвеница Камењане Боговиње Шипковица Желино Јегуновце Вратница	Тетово	9	Тетово Теарце Желино	7 1 1
ВЕЛЕС Богомила Градско Чашка Извор	Велес	4	Велес	4
ШТИП Карбинци	Штип	5	Штип	4
ПРОБИШТИП Злетово	Штип Одделение Пробиштип		Пробиштип	1
АРАЧИНОВО	СкопјеII			
СТУДЕНИЧАНИ	СкопјеII			
ЗЕЛЕНИКОВО	СкопјеII			
ПЕТРОВЕЦ	СкопјеII			
ИЛИНДЕН	СкопјеII			
СОПИШТЕ	СкопјеII			
САРАЈ	СкопјеI	1	Сарај	1
КОНДОВО	СкопјеI			
ЧУЧЕР-САНДЕВО	СкопјеII			
ГАЗИ БАБА	СкопјеII	5	Гази Баба	5
ЃОРЧЕ ПЕТРОВ	СкопјеI	2	Ѓорче Петров	2
КАРПОШ	СкопјеI	4	Карпош	4
КИСЕЛА ВОДА	СкопјеII	7	Кисела Вода	7
ЦЕНТАР	СкопјеI	6	Центар	6
ЧАИР	СкопјеII	5	Чаир	5
ШУТО ОРИЗАРИ	СкопјеII			

1014.

Врз основа на член 140 став 2 и член 88 став 3 од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/96), министерот за правда донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОТ, СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА АКТИТЕ И КНИГИТЕ НА НОТАРОТ, ПРИМАЊЕТО И ЧУВАЊЕТО НА ИСПРАВИТЕ И ПРЕДМЕТИТЕ ОД ВРЕДНОСТ И НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ПРЕЗЕМАЊЕ, КАКО И ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДРУГИ ФОРМАЛНИ ДЕЈСТВИЈА

Член 1

Со овој правилник се уредува видот, содржината, формата и начинот на водењето на актите и книгите, чувањето на уписниците и книгите што ги води нотарот, како и примањето и чувањето на исправите, парите, хартиите од вредност и предметите од вредност (скапоцености) и нивното издавање и примање, како и преземањето на други формални дејствија.

Член 2

Министерот за правда се грижи за спроведување на овој правилник, дава упатства и објаснувања за неговата примена и врши увид во врска со примената на истиот.

Член 3

Одредбите на овој правилник за овластувањата на нотарот се однесуваат и на лицата кои работат во нотарската канцеларија.

Член 4

Нотарот треба уредно да ги води уписниците, именниците, другите книги, компјутерската и друга евиденција предвидена со Законот за вршење на нотарските работи, со овој правилник и со други прописи.

Нотарот треба да води и друга евиденција, чија форма и содржина ја утврдува Главниот совет.

Член 5

За прашањата кои не се уредени со овој правилник, на соодветен начин се применуваат одредбите од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/97).

1. Видови на уписници и книги

Член 6

Нотарот, согласно Законот за вршење на нотарските работи и овој правилник, ги води следниве уписници и книги:

– Општ деловен уписник „ОДУ"
– Уписник за заверки и потврди „УЗП"
– Уписник за протести „УП"
– Уписник за доверени работи „УДР"
– Именик за предадени располагања за случај на смрт „ИРС"
– Именик за доверени работи „ИДР"
– Депозитна книга „ДК"
– Заеднички именик „ЗИ"

Член 7

Уписниците и книгите од член 6 од овој правилник (освен Уписникот за протести), треба да бидат заверени од претседателот на подрачната нотарска комора. Заверката се врши на горниот дел на последната страница на уписникот, односно книгата, со штембил за заверка (Образец за штембил бр. 1 од Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на печатот, жигот и штембилите и фирмата на нотарот – во понатамошниот текст: ППШ) чија веродостојност ја потврдува со својот потпис и печат претседателот на подрачната нотарска комора.

Во заверката предвидена во став 1 на овој член, се означува вкупниот број на страници на уписникот односно на депозитната книга, датумот на заверката и предавањето на уписникот, односно депозитната книга на нотарот. Тие податоци ќе се внесат и во уписниците на издадените уписници односно депозитни книги. За секој вид на уписници односно депозитни книги се води посебен уписник (Образец бр. 1 од овој правилник).

Нотарот не може да започне да пополнува нов уписник или депозитна книга, додека не ги исполни претходните.

Нотарот ги поднесува трошоците за набавка на уписниците и другите книги од став 1 на овој член, кои ги набавува преку подрачната комора.

Уписниците и книгите треба да бидат еднообразни и да се водат по единствена методологија на подрачјето на целата територија на Република Македонија. Таа еднообразност ја обезбедува Главниот совет.

Член 8

Уписот во именикот се врши во првата наредна слободна рубрика на буквата во именикот која одговара на првата буква на презимето односно на името, или фирмата на странката. Нотарот не смее да користи нов именик додека не го исполни тој што го користи. Именикот се смета дека е исполнет кога ќе се исполни било која од буквите во именикот.

На почетокот на секоја страница на уписникот или именикот, треба да биде назначена календарската година.

Со уписите во нова календарска година ќе се започне секогаш на нова страница.

Во неисполнетите полиња при уписите, се става хоризонтална црта.

При заклучувањето на тековната календарска година, нотарот ќе повлече црта со црвен молив под последниот упис во уписникот, односно кај секоја буква во именикот.

Уписникот ќе се заклучи така што нотарот под последниот заведен реден број на уписот во претходната календарска година ќе стави забелешка за вкупниот број на извршени уписи за таа година, со бројки и букви. Под забелешката ќе стави датум кога е составена забелешката, потпис и печат.

Именикот ќе се заклучи така што нотарот под последниот реден број на уписот во претходната календарска година за секоја буква посебно ќе стави забелешка за вкупниот број на извршени уписи за таа година, со бројки и букви. Под забелешката ќе стави датум кога е составена забелешката, потпис и печат.

Член 9

Уписникот и депозитната книга кои се исполнети, нотарот ги предава на претседателот на подрачната комора, кој ќе провери дали правилно се водени. Ако не најде неправилности, тогаш тоа ќе го потврди со штембил (Образец за штембил бр. 5 од ППШ) на уписникот или книгата, и истиот ќе го потпише и завери со печат на подрачната комора. Во потврдата се запишува датумот на прием на уписникот или книгата, на потврдата и на враќањето на истите на нотарот.

Ако претседателот на подрачната комора утврди неправилности во водењето на уписникот, односно депозитната книга, на нотарот ќе му определи примерен рок за отстранување на неправилностите, односно ќе поведе соодветна постапка пред органите на подрачната комора. Ако е поведена постапка против нотарот,

уписникот односно депозитната книга нема да му се врати на нотарот, додека за тоа не бидат исполнети условите.

Ако е исполнет одделен именик, нотарот ќе постапи на начин предвиден во член 8 став 1, 5 и 7 од овој Правилник и ќе го овери заклучувањето на именикот со ставање на датум за престанок на користење, потпис и печат на последната страница под заверката на именикот.

Општ деловен уписник „ОДУ“

Член 10

Општиот деловен уписник соржи рубрики за упис на следните податоци: реден број, датум на уписот, презиме и име, занимање и адреса, односно име или фирма и седиште на странката, краток опис на договорот или на друга правна работа, односно преземени службени дејствија, назначување на вредноста, забелешка за наплатена такса со означување на тарифен број, нотарска награда со означување на тарифен број на нотарската тарифа, означување движење на списите и забелешка (Образец бр. 2 од овој правилник).

На секоја пополнета страница, нотарот ќе стави свој потпис и печат.

Во општиот деловен уписник се запишуваат сите нотарски акти, потврди (солемнизации) на приватните исправи, сите записници за потврди и се што е предочено според одредбите на членовите 83 – 86 од Законот за вршењето на нотарските работи, како и сите други нотарски дејствија, освен оние кои се запишуваат во посебни уписници (за заверки и потврди по член 58, 59, 60 и 61; и во уписник за протести по член 73; и во уписник за доверени работи кој судот или друг орган може на нотарот да му ги довери според член 128 од Законот за вршењето на нотарските работи).

Уписник за заверки и потврди „УЗП“

Член 11

Уписникот за заверки и потврди (член 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65 и 67 од Законот за вршењето на нотарските работи) содржи рубрики за упис на следните податоци: реден број на заверката или потврдата, презиме и име, занимање и адреса на странката и нејзин потпис, видот на преземеното службено дејствие со означување на исправата, ден на заверка на потписот или заверка на преводот, ден на заверка на потписот на исправата, ден на издавање на потврдата (за живот) дека е жив, предочување на исправа, овластување за застапување или други факти, начин на утврдување на идентичноста и потписи на сведоците, видот на исправи, број и датум на нивното издавање, издавачот и јазикот на кој е составена, видот на изводот од трговските и деловните книги и датумот на нивниот преглед, износот на наплатени такси со означување на тарифниот број, износ на платена нотарска награда со означување на тарифниот број, забелешка и место за потпис на нотарот (Образец бр. 3 од овој Правилник).

При запишување во уписникот ќе се пополнат само оние рубрики кои се однесуваат на одреден упис. Во рубриките во кои треба да се потврди дека одредено дејствие е извршено на начин означен во насловот на соодветната рубрика односно дека се утврдени одредени околности наведени во насловот на рубриката ќе се запише „ДА“ Во рубриките во кои не треба ништо да се пополни ќе се стави хоризонтална црта (– – – –).

При потпишување на правните лица ќе се означи името односно фирмата на правното лице со адресата на седиштето, како и името, презимето, адресата и својството на лицето кое исправата ја потпишало за правното лице, односно лицето кое потписот на исправата го признало за свој.

Исправата треба кратко да се означи према нејзината содржина (предметот на работата, вредноста), денот на издавањето и јазикот на кој е напишана.

Ако странките на нотарот не му се лично познати, ќе се наведат имињата и презимињата, занимањето и адресата на сведоците на идентитетот, како и видот, датумот и местото на издавање на предочената исправа на основа на која е утврден идентитетот на сведоците. Сведоците на идентитетот ќе се потпишат без означување на своето својство.

На заверка на ракознакот ќе се применат на соодветен начин одредбите за заверка на потпис, односно признавање на потпис, како и идентитетот на сведоците.

Ако на странката исправата ѝ е прочитана, тоа ќе се забележи.

Секоја исправа на која се заверува потпис или ракознак на едно или повеќе лица, предмет е на посебен упис во уписникот на заверки и потврди. Ако во исто време треба да се оверат потпис или ракознак на едно или повеќе лица на повеќе исправи, секоја исправа посебно се запишува во уписникот.

Нотарските такси за заверка (ако за заверката треба да се платат такси), се лепат и се поништуваат на примерокот на исправата која останува за архива. Во уписникот ќе се наведе соодветниот тарифен број од тарифата на прописот за нотарските такси и износот на наплатената такса. Ако таксата е платена во готови пари, ќе се назначи датумот на уплатата и бројот на сметката во чија корист е платена таксата. Ако заверката е ослободена од плаќање такси, ќе се наведе прописот на основа на кој заверката е ослободена од плаќање такси.

Во уписникот ќе се наведе тарифниот број на нотарската тарифа и износот на наплатената награда.

Уписник за протести „УП“

Член 12

Нотарите уписникот за протести го водат во три книги, и тоа:

1) Уписник за протести, книга I., за протести извршени по член 70 од Законот за меница и член 19 став 2 точка 1 и член 23 точка 10 од Законот за чек, спрема приложениот Образец бр. 4 од овој правилник.

2) Уписник за протести, книга II., за потврди за замена на протест по член 77 став 1 од Законот за меница и член 19 став 2 точка 2 од Законот за чек, спрема приложениот Образец бр. 5 од овој Правилник.

3) Уписник за протести, книга III., за потврди за замена на протест по член 77 став 2 од Законот за меница и член 23 точка 10 од Законот за чек, спрема приложениот образец бр. 6 од овој Правилник.

Член 13

Нотарите се должни да припремаат три книги – уписници за протести предвидени во член 12 од овој Правилник, однапред за најмалку една година.

Секоја книга на уписникот за протести мора да биде тврдо укоричена и пронумерирана со сметвеник кој поминува низ сите листови и краеви кои се на внатрешната страна на корицата на книгата, заверени и прицврстени со печат на судот од прв степен на подрачјето на кое се наоѓа седиштето на нотарот.

Покрај ставањето на печатот, судот ќе потврди и колку во книгата има листови. Потврдата носи датум кога е ставен печатот и број на уписот во судскиот уписник под кој е извршен.

На секој лист во книгата од став 1 од овој член, ќе се наведе име и презиме, како и седиште на нотарот и

целиот назив на одделната книга. Листовите во книгата мора да бидат означени со редни броеви.

Член 14

Покренатиот протест и замената на протестот, без оглед на тоа дали при замената на протестот учествувал нотар според член 77 став 1 од Законот за меница и член 19 став 2 точка 2 од Законот за чек, се запишуваат во уписникот за протести без одлагање, а замената на протестот пред истекот на протесниот рок. При тоа мора да се внимава на редот како протестите и замената на протестите се покренати, односно како странките барале замената на протестот да се запише во уписникот за протести.

Во уписникот за протести, спрема приложениот образец, се запишува целата содржина на протестот, односно целата содржина на меницата (чекот) и на неа напишаните изјави (член 77 став 1 од Законот за меница и член 19 став 2 точка 2 од Законот за чек), односно целата содржина на меницата (чекот) и потврдата за замена на протестот (член 77 став 2 од Законот за меница и член 23 точка 10 од Законот за чек).

На имателот на меницата (чекот) или на неговиот застапник ќе му се предаде веднаш изворник на протестот со поднесената меница (чек), односно поднесената меница (чек) на која е напишана потврда за упис на изјавата во именикот за протести, односно изворникот на потврдата за замена на протестот со поднесената меница (чек).

Член 15

Нотарот ќе потврди во уписникот за протести дека во него запишаната содржина одговара на изворникот на протестот, односно на поднесената меница (чек, препис на меница), и на неа напишаната изјава од трасатот односно поднесената меница (чек, препис на меница) и издадената потврда за замена на протестот.

Член 16

Уписникот за протести не смее да се изнесува од нотарската канцеларија, освен во случаите во кои според Законот за вршењето на нотарските работи архивата на нотарот може да се чува во судот или да се предаде на некоја друга државна или јавна служба или лице.

Член 17

Нотарот врши претестирање на усмено или писмено барање од имателот на меницата (чекот), односно неговиот застапник. За усменото барање не се составува посебен записник. Писменото барање се запишува во општиот деловен уписник.

Подносителот на барањето плаќа такси за барањето, без оглед дали тое е усмено или писмено.

Таксата за барањето од став 2 од овој член се наплатува и нејзината наплата се потврдува според соодветните прописи.

Врз основа на барањето за протестирање, односно за упис за извршена замена на протестот, односно за извршена замена на протестот, нотарот веднаш ќе изврши протестирање, односно упис за замена на протест во уписникот за протести, односно ќе изврши замена на протестот и потврдата за тоа ќе ја запише во уписникот за протести. При тоа, нотарот не смее да се впушти во испитување дали протестирањето или уписот во одделни случаи се потребни или подобни за одржување или вршење на меничните (чековните) права.

Член 18

Заверениот препис на протестот, како и заверените преписи и потврди за замена на протестот се издаваат само на заинтересирани лица и само врз основа на писмени барања, и тоа откако ќе биде наплатена таксата и трошоците. Во уписникот за протести ќе се забележи на кого му се издадени преписи и колку преписи се издадени.

Член 19

Кога лицето против кое се покренува протест во смисла на член 73 став 2 од Законот за меница, односно член 23 точка 10 од Законот за чек, ќе ја изврши пропуштената исплата на рака на нотарот, нотарот тоа ќе го потврди на меницата односно чекот. Содржината на потврдата ќе ја внесе во целост во посебен записник, кој се заведува во општиот деловен уписник. На потврдата на меницата (чекот), нотарот ќе стави свој потпис, датум и број на списот под кој потврдата е заведена, како и свој печат, па потоа меницата (чекот) ќе ја предаде на лицето против кое е покренат протестот.

Во случај на делумна исплата, нотарот ќе постапи по член 73 став 3 од Законот за меница.

Член 20

Протестите и замените на протестите можат да се назначат со овие скратеници „Про. I. р. бр. ————“, односно „Про. II. р. бр. ——“, односно „Про. III. р. бр. —“, додавајќи при тоа име и презиме на нотарот кој го вршел протестот односно замената на протестот.

Член 21

Регистарот на протести се чува 10 години.

Член 22

Сите трошоци (награда и надомест на трошоците на нотарот, нотарските такси и сл.), ќе се назначат на сите примероци на исправи, кои се запишуваат во именикот за протести.

На исправите од став 1 од овој член, ќе се назначи дали и кои од трошоците од став 1 на овој член се наплатени.

Уписник за доверени работи „УДР“

Член 23

Уписниците за доверени работи кои нотарот ќе ги води посебно за секој суд и друг орган кој ќе му довери вршење на одредени работи, содржат рубрики за упис на следните податоци: реден број на доверените работи, датум на примање на актот, име, презиме, занимање и адреса, односно имѐ или фирма и седиште на странката, опис на доверената работа, датум на испраќање на судот или на друг орган, место за забелешка (Образец бр. 7 од овој правилник).

Именик на предадени располагања во случај на смрт „ИРС“

Член 24

Именикот на лицата кои пред нотарот предале такво располагање во случај на смрт содржи рубрика за упис на следните податоци: реден број на примените располагања, датум на предавање на располагањето, презиме, име и адреса на лицето кое го предало располагањето, презиме, име и адреса на лицето чие располагање е предадено ако тоа самото не го предало, ознака на бројот на списот во кој располагањето се чува (Образец бр. 8 од овој правилник).

Депозитна книга „ДК“

Член 25

Депозитната книга содржи рубрика за упис на следните податоци: реден број на примените депозити, датум на преземање на депозитите, име, презиме и адреса односно име или фирма и седиште на странката која го

предала депозитот со назначување на начинот на кој е утврден нејзиниот идентитет, точна ознака на преземениот депозит и дејствија кои треба да се извршат, име и презиме односно име или фирма на странката на која треба да ѝ се предаде депозитот, место за забелешка (Образец бр. 9 од овој правилник).

Именик на доверени работи „ИДР“

Член 26

Именикот на доверени работи содржи рубрики за упис на следните податоци: реден број на уписот, презиме, име и адреса односно име или фирма и седиште на странката во доверената работа (ако учествуваат повеќе страни во именикот се запишува секоја страна посебно под почетната буква која одговара на почетната буква на неговото презиме, односно име или фирма), назначување на уписникот на доверената работа и број на тој уписник (Образец бр. 10 од овој правилник).

Заеднички именик „ЗИ“

Член 27

Во заедничкиот именик се запишуваат странките кои се запишани во уписникот од член 10, 11, 12, 23 и 25 од овој правилник.

Заедничкиот именик содржи рубрики за упис на следните податоци: реден број на уписот, презиме, име и адреса односно име или фирма и седиште на странката која е запишана во уписникот, односно во депозитната книга (ако се запишани повеќе странки во заедничкиот именик се запишува секоја странка под буква која одговара на почетната буква на нејзиното презиме односно име или фирма), назначување на уписникот на доверената работа и број на тој уписник (Образец бр. 11 од овој правилник).

2. Работа во нотарската канцеларија

Член 28

Нотарот сам го определува начинот и времето на преземањето на службените дејствија во својата канцеларија, согласно Законот за вршењето на нотарските работи, овој правилник и Правилникот за работното време.

Во решавањето на одделни предмети, предност треба да им се даде на итните предмети. Останатите предмети нотарот по правило ќе ги земе во работа според времето на приемот на барањето.

Член 29

Кога тоа е потребно заради успешно вршење на одредени службени дејствија, нотарот тие дејствија ќе ги преземе и надвор од нотарската канцеларија.

Нотарот ќе преземе дејствија надвор од нотарската канцеларија, дури кога странката ќе положи аванс.

Нотарот ќе преземе дејствија надвор од нотарската канцеларија по правило надвор од времето определено за прием на странки во канцеларијата.

Член 30

Писмената во нотарската канцеларија се примаат по правило во работното време. Примањето на писмената непосредно од странките, нотарот може да го ограничи на работното време определено за примање на странките.

Ограничувањето од став 1 на овој член, не се однесува на итните случаи.

Член 31

Писмената во нотарската канцеларија должни се да ги прими нотарот и секое лице вработено во неговата канцеларија. Ако примањето на писмената е врзано за преземање на некое службено дејствие, писменото наместо нотарот, може да го преземе само лице овластено за преземање на тоа дејствие.

Поштенските пратки ги презема нотарот или лице вработено во неговата канцеларија кое за тоа е посебно овластено.

Член 32

Лицата овластени за отварање на пошта во неговата канцеларија ги определува нотарот.

Обвивката на писмата се отвара така што не смее да се оштети поштенскиот печат и жиг. На секое писмено ќе му се приложи обвивката во кое било писмото.

Содржината на обвивката (број на писмената и прилозите) ќе се утврди со забелешка за прием или со посебен записник со кој ќе се приложи обвивката и примените писмена. Посебен записник ќе се состави, особено ако содржината на обвивката не се поклопува со назнаката на обвивката, и кога пакет или друга пошта се примени оштетени, а постои сомневање за неовластено или злонамерно отварање. Таков записник составува нотарот или лице кое е овластено да го замени нотарот во преземањето на одредени нотарски дејствија.

Ако во една обвивка пристигнале повеќе писмена, обвивката ќе се приложи со едно од писмената. На останатите писмена, под белешката за прием ќе се означи списот во кој обвивката се наоѓала.

Ако обвивката на препорачаната пошта или онаа на која е означена вредност оштетена, нотарот или овластеното лице ќе ја преземе откако комисиски ќе биде утврдена содржината на пратката. Поштата за преземањето на таквата пратка ќе издаде примерок од комисиски записник.

Член 33

На примерокот на писменото одредено за нотарот ќе се стави забелешка со штембил за приемот (Образец за штембил бр. 5 од ППШ), по правило на првата страна во средината на горен дел на листот. Забелешката за прием содржи презиме и име на нотарот и назначување на неговото седиште, ден, месец и година на приемот и податоци за начинот на приемот (на пример: „непосредно“, „преку пошта“, или „препорачано“ и сл.), за бројот на примероците и прилозите, за тоа дали и како писменото е таксирано, дали стигнало по пошта, отворено или со оштетена обвивка, за можните предмети и готови пари кои се доставени со пратката и слично.

Ако поштенската пратка е испратена препорачано, забелешката ќе содржи и датум на поштенскиот жиг, како и пратката која е означена на ден на предавање на поштата. Ако на поштенскиот жиг поради нејаснотија не може да се утврди денот на предавањето на поштата, тоа ќе се означи на писменото. Ако постои сомневање дека не е одржан рокот, ќе се побара извештај од поштата.

Ако при отварањето на пратката се утврди дека со писменото се испратени пари или друга вредност, ќе се состави посебен записник (член 32 став 3), во кој ќе се утврди износот, односно вредноста. Тие вредности по извршениот упис на писменото во соодветен уписник ќе се запишат и во депозитната книга. Под забелешката за приемот, ќе се означи бројот на депозитната книга.

Недостатоците и неправилностите утврдени при отварањето на пратката, ако нема причини за составување на посебен записник (член 32 став 3), треба да се утврди со кратка забелешка која се составува непо-

средно со ставање на штембил (на пример: ако на писмената му недостасуваат прилози, ќе се стави „примено без прилози"), а ако му недостасуваат само одделни прилози, треба да се наведе нивното име и слично.

Ако во обвивката се најде писмено адресирано на друг нотар, на суд, на друг државен орган, на правно или физичко лице, ќе се стави соодветна забелешка под забелешката за прием (на пример: погрешно достава), и писмената ќе се упати на адресатот.

Забелешката за прием ќе се стави со штембил на сите пратки и доставници кои се вратени заради неизвршено врачување на пратката на адресатот.

Лицето кое во нотарската канцеларија ја примило писмената пратка, должно е, на барање на подносителот, да му издаде потврда за приемот заверена со штембил на копието на предаденото писмено или со потпис и со ставање на печат на нотарот во предадената книга на доносителот, ако во неа се точно наведени писмената кои се предаваат, бројот на можните натамошни примероци, рубрики и т.н. или со издавање на потврда за применото писмено.

Ако е со писменото приложена доставница, приемот на писменото ќе се потврди на доставницата со ставање на датум, потпис и службен печат, а потврдената доставница ќе се врати веднаш на испраќачот.

Забелешките од став 1 до 8 на овој член, ќе ги потпише лицето кое го примило писменото.

Член 34

Нотарот или лицето кое тој го овластил за примање на писмена ќе ги пресмета и ќе ги поништи таксите кои се лепат на поднесокот, на прилозите и на останатите писмена, според прописите за наплата на такси и одредбите на овој правилник.

Член 35

Писмената кои треба да се испратат од нотарската канцеларија ќе се заведат во соодветна книга за испраќање или достава (Доставна книга за пошта – Образец бр. 12 од овој правилник или Доставна книга за место – Образец бр. 13 од овој правилник).

Писмената за кои е потребен доказ за прием ќе се достават на странките и другите лица со доставница односно повратница. На доставницата односно повратницата ќе се назначи адресата на примателот, име и датум на писменото кое се доставува со бројот на списите. Името на нотарот може да биде ставено со штембил или печатено (напишано).

3. Нотарски списи

Член 36

Нотарот ги образува, води и чува своите списи согласно Законот за вршењето на нотарските работи и одредбите на овој правилник, ако со посебни прописи за одреден вид на списи не е поинаку определено.

Член 37

Писменото по чиј повод треба да се основа нов спис, ќе се запише истиот ден кога е примено, односно првиот нареден работен ден во соодветниот уписник и именик.

Писменото по чиј повод треба да се основа нов спис, ќе се стави во обвивка за списи (Образец бр. 14 од овој правилник), и ќе се запише во попис на писмената кој е отпечатен на внатрешната страница на обвивката на списот. Кога тоа ќе стане потребно, на списот ќе му се приложи посебен табак за продолжување на пописот на писмената (Образец бр. 15 од овој правилник), на кој ќе се продолжи запишувањето на писмената, откако ќе биде пополнет пописот на писменото на обвивката на списот.

На насловната страница на обвивката на списот, во горниот лев агол, отпечатена е или ставена е со штембил ознака на нотарската канцеларија. Во горниот десен и долниот лев агол ќе се запише ознаката на списот, а на средина ќе се запишат податоците за предметот и странките.

Член 38

На секој спис ќе се стави ознака која се состои од скратеница на името на уписникот во кој е запишана со големи букви, редниот број на уписот и последните два броја на годината во која предметот е внесен во уписникот. Нотарот може на своите списи да има и други ознаки.

Член 39

Прилозите со одделни писмена се ставаат во списот заедно со писменото на кое се однесуваат. Прилозите се означуваат со деловниот број на соодветното писмено со ставање на голема буква во азбучниот ред на секој прилог посебно.

Изворниците на исправата кои по завршената постапка треба да им се вратат на странките, ќе се стават, по правило, во заеднички отворена обвивка, на која од надворешната страна ќе се наведе кои исправи се наоѓаат во неа.

Со соодветното писмено во кое изворниците биле приложени, ќе се приложи, по потреба, препис односно ќе се фотокопира изворникот кој треба да се задржи во списот. Останатите прилози кои поради формата или видот не можат да се стават во списот, ќе се чуваат одвоено, а на писменото со кое биле приложени и во пописот на писмената ќе се стави забелешка за тоа каде се чуваат тие прилози.

Во пописот на писмената, со реден број на писменото на кое се однесуваат прилозите, ќе се наведе во посебна рубрика определена за евидентирање на прилозите, бројот на прилозите, а по потреба и назначување на буквите со кои прилозите се обележани.

Одредбите од став 4 од овој член, се применуваат ако со Законот за вршењето на нотарските работи или друг пропис не е поинаку определено.

Член 40

Нотарот и лицата вработени во неговата канцеларија се должни внимателно да ги чуваат сите писмена во списите назначувајќи ги со правилни ознаки и уредно да ги запишуваат во пописот на писмената.

За се друго што е во врска со средувањето на списите, ќе се применуваат одредбите од член 128 од Судскиот деловник.

Член 41

Ако во текот на работата врз одреден предмет се појави потреба за промена на ознаката на списот, на обвивката ќе се прецрта ознаката на поранешниот спис, а под неа ќе се запише нова.

Во уписникот во кој била внесена поранешната ознака на предметот, ќе се назначи новата ознака на списот. Соодветна промена на ознаката на списот, ќе се изврши и во имениците во кои списот бил запишан со поранешната ознака.

Член 42

Нотарот може во случај на потреба, да изврши спојување на повеќе списи заради спроведување на единствена постапка.

Спојувањето во единствен спис се води под бројот на најстариот спис.

По извршеното спојување во уписниците во кои се заведени одделни списи во рубриката за забелешки, ќе се запише ознаката на единствениот спис, додека во уписникот во кој се води единствениот спис, ќе се наведе ознаката на наведениот спис.

Член 43

Ако нотарот одлучи да ги раздвои споените списи или да издвои дел од еден спис, во издвоениот спис ќе го стави она писмено кое се однесува само на него. Останатите писмена кои се потребни за издвоениот спис, ќе се препишат или фотокопираат, заверат и приложат во издвоениот спис.

Раздвоениот или издвоениот спис ќе се запишат во соодветен уписник под нов реден број и ќе добијат нова ознака, ако порано не ја имале.

Раздвојувањето и издвојувањето на списите се запишува во соодветните уписници и именици.

Член 44

Кога еден спис се приложи кон друг заради увид или од други причини, во пописот на писмената на главниот спис, ќе се назначи приложениот спис, како прилог на она писмено на кое се наоѓа одредба за прилагање на списот.

На обвивката на главниот спис на кој е приложен друг спис, ќе се наведе ознаката на списот кој му е приложен. Податоците за движењето на списот, ќе се забележат во соодветните рубрики на именикот, кај оној спис со кој другиот спис е приложен.

Ако од некој спис се издвои некој дел, во основниот спис ќе се стави на соодветно место забелешка за тоа каде тој спис се наоѓа.

Член 45

Ако одделни списи се изгубат, оштетат или уништат, ќе се поведе постапка за обнова на списот или одделни писмена (реконструкција).

За реконструкцијата на предметот одлучува, на предлог на нотарот, на заинтересираната странка, или орган со јавни овластувања, претседателот на основниот суд на подрачјето на кое е седиштето на нотарот.

Против решението со кое се одбива предлогот за обнова на списот, предлагачот може да изјави жалба до претседателот на апелациониот суд.

Постапката за обновување на списот нема да се поведе ако поминал рокот до кој се чуваат списите на кој се однесува предлогот за обновување на списот.

Списот се обновува врз основа на решение, со кое се дозволува поведување на постапката за обновување. Со тоа решение се поведува постапка, врз основа на која по завршување на постапката наместо изгубениот, оштетениот или уништениот спис ќе се основа нов спис или писмено. Новиот спис ќе ја носи ознаката која ја имал списот или писменото кое се обновува.

Спроведувањето на одделни дејствија во постапката за обнова на списите, претседателот на основниот суд може да го довери на нотарот чиј спис треба да се обнови, заменикот или вршителот на должност на нотар, на друг нотар од тоа подрачје или на одреден судија на тој суд. За обновување на списите, со попис на обновените писмена на тој спис, решение донесува претседателот на основниот суд. Против решението на претседателот на основниот суд, дозволена е жалба до претседателот на апелациониот суд.

При обновата на списот, ќе се обноват само оние делови или одделни писмена кои се значајни со оглед на причините поради кои е одобрена постапката за обнова.

Списот се обновува врз основа на преписи од изгубените, оштетените или уништените писмена со кои располага странката или судот, податоците од уписникот и помошните книги, а по потреба и врз основа на согласните искази на странките и нивните полномошници, сведоци и други лица кои учествувале во преземањето на дејствија, по повод кои списот бил основан. Ќе се повторат само оние дејствија за кои нема податоци, или за кои не постојат согласни изјави на наведените лица.

Трошоците за обнова на нотарскиот спис ги поднесува нотарот, односно органот кај кое списот се наоѓал кога е изгубен, уништен или оштетен.

Член 46

Ако списот привремено се доставува на увид на судот или на друг државен орган или се прилага во друг спис, во уписникот во соодветна рубрика или рубриката за примедби, со обичен молив ќе се назначи датумот кога и кому списот е доставен.

Доставениот или привремено приложениот спис, ќе се запише во пописот на испратените и приложени списи кои треба да се вратат.

Член 47

Вратените доставници и повратници со кои е потврдено извршеното доставување се ставаат, по правило, веднаш во списокот на кој се однесуваат.

Доставниците и повратниците кои служат како доказ за врачување на пратките врзани со рок, се прилагаат во списот и лепат на изворникот на актот, записникот или на друго писмено на кое се однесува, и чуваат во списот.

4. Примање и чување на исправи, пари и хартии од вредност и предмети од вредност

Член 48

Исправи, пари, хартии од вредност (нотарски депозити) и други предмети од вредност се примаат во нотарската канцеларија по правило во работното време. Приемот на депозитот непосредно од странките, нотарот може да се ограничи да го врши во работното време одредено за примање на странките.

Ограничувањето од став 1 на овој член, не се однесува на итни случаи.

Член 49

Депозитот го презема лично нотарот. Депозитот може место нотарот да го преземе и лице вработено во неговата канцеларија, кое според Законот за вршењето на нотарските работи е овластено да го преземе тоа службено дејствие.

Лице кое го презело депозитот е должно без одлагање да го запише депозитот во депозитната книга.

Член 50

Исправите и хартиите од вредност се попишуваат, така што се наведува нивното својство, издавачот, датумот и местото на издавање, како и други податоци. Исправите се евидентираат по парче, без означување на вредноста.

Член 51

Готови пари се примаат преку овластена организација преку која се врши платниот промет, банка, пошта или непосредно во нотарската канцеларија.

Нотарот по правило нема да прими уплати во готови пари, директно од странката, туку ќе ја упати да изврши уплата на негова посебна сметка за други лица. Во тој случај на странката ќе и се предаде уредно пополнета општа уплатница, која на позадината содржи име и презиме на нотарот и ознака на предметот на кој се однесува уплатата, целта на депозитот и евентуална спецификација.

Во оправдани случаи, нотарот може и непосредно да прими готови пари, за што на странката ќе и се издаде потврда, а копие на потврдата ќе задржи како благајнички документ. Готовите пари, нотарот веднаш, а најкасно првиот нареден работен ден ќе ги уплати на соодветна сметка.

Готовите пари примени преку овластената организација преку која се врши платниот промет, банка или

пошта, се запишуваат во благајнички извештај за готовина уплатена од странките (Образец бр. 16 од овој правилник).

Ако целта на пратката не може да се утврди, односно ако не може да се утврди за која правна работа примените готови пари или вредности се однесуваат, ќе се повика испраќачот во рок од три дена да ја објасни целта на пратката или да ја означи правната работа на која се однесува, со предупредување дека испратените пари ќе му се вратат на негов трошок, ако не се отповика на поканата.

Примањето на готовината од став 1 до 5 на овој член, ќе се запише во контовник на готовинските депозити (Образец бр. 17 од овој правилник) и Дневник на готовинските депозити (Образец бр. 18 од овој правилник).

Член 52

Ако предметот на депозитот е странска валута, во пописот се наведува името на државата во која валутата е во важност како законско средство на плаќање, номиналната вредност на странската валута, името на издавачот, серијата и бројот, како и евентуални други податоци.

Член 53

Хартиите од вредност се попишуваат така што се наведува: државата во која хартијата од вредност е издадена, име и назив на издавачот, серија и број на хартијата од вредност, износ на кој талонот гласи, купони кои се поврзани со хартијата од вредност и датум кога треба да се исплати или реализира првиот купон.

Ако хартијата од вредност е издадена во Република Македонија, нејзината вредност се означува во номинала. Ако хартијата од вредност ги нема сите купони, т.е. ако при упаричување на купонот, освен каматата се исплати и дел од главницата, како вредност ќе се означи смалената вредност на хартијата од вредност.

Ако на хартијата од вредност која е издадена во странство не може веднаш да се утврди вредноста со домашна валута, ќе се наведе нејзината номинална вредност.

Член 54

Штедните и вложните книшки се попишуваат, така што се наведува името на правното лице кое ги издало, името на вложувачот, бројот на штедната или вложната книшка и салдото на кое книшката гласи, а евентуално и посебен знак.

Вредноста на штедната или вложната книшка, ќе се наведе спрема салдото кое го покажува состојбата во книшката, во номинален износ, ако се работи за штедна или вложна книшка на домашно правно лице.

Ако штедната или вложната книшка ја издало странско правно лице, па не може да се утврди нејзината права вредност, ќе се наведе нејзината номинална вредност од странска валута.

Член 55

Примањето на скапоцености во присуство на странката го попишува нотарот или лице вработено во неговата канцеларија овластено за преземање на тие дејствија.

Примените предмети ќе се попишат точно по парче, со ознака какви скапоцености се тие, количина, тежина, форма и слично, така да се исклучи секоја можност на замена. Записникот за попис се составува во два примерка, од кои еден ќе се остави во соодветен спис, а другиот во обвивката со попишаните скапоцености.

Ако пописот од било која причина не може да се изврши, ќе се определи судски вештак кој ќе утврди за какви скапоцености се работи.

По пописот, скапоценостите ги проценува судскиот вештак према пазарната вредност која ја имаат во оној ден кога се примени.

Трошковите на пописот и процената, ги утврдува нотарот. Нотарот пред пописот и процената може од странката да побара да депонира соодветен аванс.

Член 56

Примените хартии од вредност, штедни и вложни книшки, исправи и странска валута се запишуваат во Контовник на неготовински депозити (Образец бр. 19 од овој правилник) и Дневник на неготовински депозити (Образец бр. 20 од овој правилник).

Член 57

Готовите пари кога се дадени како депозит, нотарот по правило ќе ги чува на своја посебна сметка за други лица во банка или друга финансиска организација.

Нотарот ќе ги чува готовите пари во својата благајна, само ако готовите пари што ги примил непосредно од странката или преку пошта треба веднаш да ги исплати.

Ако преземениот износ не може да биде исплатен во рок од пет дена од приемот, или ако не може да се задржи во нотарската благајна заради прописи за благајничкиот максимум, ќе се депонираат на посебна сметка на нотарот за други лица во банка.

Вредностите (скапоцености, хартии од вредност и исправи) кои се чуваат во нотарската благајна или во сеф во банка, се ставаат во посебни обвивки на кои на надворешната страна се испишува деловниот број на списот, правната работа на која се однесуваат, понатамошна спецификација на содржина на обвивката, име и презиме, односно име или фирма на депонентот.

Заедно со предметите на депозитот, во обвивката се става примерок од записникот за пописот и процената.

Странската валута нотарот ја чува или како останатите вредности, или на своја посебна девизна сметка за други лица во банка. Ако странската валута се чува на девизна сметка во банка, примањето, чувањето и издавањето на странската валута се спроведува по прописите за девизното работење. Евиденцијата за чување и издавање на странска валута, со посебна девизна сметка од нотарот за странката, се води према одредбите на овој правилник и прописите за девизното работење.

Член 58

Депозитите кои заради својот опфат не можат да се чуваат во сеф или трезор кај нотарот или во банка, ќе се доверат на чување на лице кое според посебни прописи е овластено за чување на такви депозити.

Пред да се предаде депозитот на лицето од став 1 на овој член, нотарот ќе побара од странката да положи аванс за трошоците за чување и ракување.

Пред да го довери предметот на депозитот на одредено лице за чување, нотарот ќе изврши попис и процена на депозитот и за тоа ќе состави записник во три примероци, од кои еден ќе го вложи во соодветниот спис, еден ќе му предаде на странката, а третиот ќе му го предаде на чуварот заедно со предметот на депозитот. За доверување на предметот за чување на одреденото лице, ќе се состави договор со тоа лице, со кој ќе се утврдат трошоците за чувањето, кој е должен да ги надомести, односно дали ќе бидат авансирани или дополнително ќе бидат исплатени од депонираниот предмет.

Примањето на депозитот на чување според одредбите на став 2 и 3 на овој член, ќе се запише во Евиденцијата на депозитите на чување кај други лица (Образец бр. 21 од овој правилник).

Член 59

Пари и вредности кои се чуваат кај нотарот или на посебна сметка на нотарот за други лица во банка, или во сеф во банка, ќе му се издаваат на нотарот.

Парите се исплатуваат на благајната на нотарот, по пошта или преку банка. Парите кои се наоѓаат на посебна сметка на нотарот за други лица во банка се исплатуваат врз основа на соодветен налог на нотарот.

Хартиите од вредност, скапоценостите и другите предмети ќе се издаваат непосредно на корисникот или преку пошта.

За издавањето на вредностите непосредно на корисникот, се составува посебен записник кој корисникот ќе го потпише. Тој записник се чува и како книговодствена исправа.

Ако вредностите се издаваат по пошта, нотарот во присуство на двајца сведоци, заеднички ќе ја утврди содржината на пратката, ќе ја затвори и во нивно присуство ќе ја предаде на поштата за испраќање.

Лицето на кое му е доверено чување на судскиот депозит, може депозитот да го издаде само на лицето кое за тоа е овластено од нотарот, во согласност со условите и на начин кој го одредил нотарот, односно во согласност со договорот за депозит.

Можните пречки за издавање на нотарскиот депозит или за одделни правни работи во врска со нив (забрана на оттуѓување или оптоварување, право на уживање, исполнување на налогот по тестамент и слично), или за одделни работи на ракување кои се повторуваат, ќе се евидентираат со црвено мастило во забелешка во насловот на соодветниот контовник.

Решението на извршниот суд со кое се определува извршување со продажба на депозитот, ќе се достави на нотарот, кој во насловот на соодветниот контовник ќе забележи дека на депозитот е одредено извршување.

Член 60

За водење на деловните книги за материјално и финансиско работење со странките на соодветен начин се применуваат прописите со кои се уредува водењето на деловните книги за такво работење во судовите.

5. Нотарски такси, награди и надомест на трошоци

Член 61

Нотарот е должен при наплата и поништување на нотарските такси, да постапи на начин предвиден со прописите за нотарските такси.

Таксите се лепат на првата страна, по правило во десниот горен агол, на примерокот кој останува во архивата на нотарот, а ако тоа не е можно, тогаш под текстот, односно на позадината на тој примерок. По исклучок, таксите можат да се залепат на посебен лист на хартија на кој ќе се назначи бројот на списот и службеното дејствие по чиј повод таксата е наплатена.

Таксите се поништуваат според постојните прописи. При тоа се внимава да не се оштети текстот на писменото. Под залепените такси, ќе се стави со штембил забелешка (Образец за штембил бр. 17 од ППШ), дека се залепени и во одреден износ и поништени. Ако таксите се залепени на посебен лист во списот (став 2 од овој член), таа забелешка ќе се стави на тој лист и на писменото кое останува во архивата на нотарот, со означување на бројот на тој лист во списот. Забелешката ќе ја потпише лицето кое ги залепило таксите.

Ако таксите се наплатени со уплата на одредена сметка, на писменото по повод кое таксата е платена ќе се забележи датумот и износот на уплатата, а потврдата за уплатата ќе се прилепи со примерок од писменото, по повод кое таксата е платена.

Списот не може да се архивира, додека нотарот со својот потпис не потврди дека сите потребни такси се наплатени и прописно поништени, односно дека е покренатa постапка заради нивна присилна наплата. На предната страница од обвивката на списите кои се архивираат, ќе се стави во горниот десен агол под ознаката на списот, ознака со штембил: „Таксата е наплатена“, или „Пријавена поднесена“.

Член 62

Ослободување од плаќање на такси и други трошоци ќе се назначи на обвивката на списот на левиот горен агол, а на писмената во списот на местото одредено за лепење на такси со ставање на белешки со штембил „Ослободено од такси“ (Образец за штембил бр. 6 од ППШ) или „Ослободено до плаќање на трошоци“ (Образец за штембил бр. 6 од ППШ).

Ако странката е ослободена од плаќање на трошоци за преземање на службени дејствија за кои нотарот може да бара надомест од судот, во списот ќе се вложи Попис на трошоците (Образец бр. 22 од овој Правилник), во кој ќе се запишат тие трошоци. Тој попис на трошоци, нотарот ќе го приложи на барање на судот за надомест на трошоци.

Член 63

Ако нотарот во врска со преземање на одредени службени дејствија е овластен да побара од странката полагање на одреден аванс, тој на странката на нејзино барање, ќе му предаде писмена покана за уплата на аванс, во кој помеѓу останатото ќе го наведе неговото име и презиме, односно име или фирма и адреса, краток опис на дејствието кое треба да го преземе, износ кој треба да се авансира, како и рокот до кој треба авансот да се депонира. Откако странката ќе го депонира авансот, на неа ќе и се издаде потврда за тоа, а во списот ќе се стави пресметковен лист (Образец бр. 23 од овој правилник), за депонентот и во него ќе се запише депонираниот износ.

6. Нотарска статистика и извештаи

Член 64

Нотарот е должен да ги собира, средува и доставува статистичките податоци за својата работа на пропишани и отпечатени обрасци (статистички листови, извештаи и слично). Статистичките извештаи се пополнуваат според посебни прописи врз основа на податоците од одделните уписници, списи и на друг начин. Пополнетите статистички листови и извештаи се доставуваат на надлежните тела во одредени рокови.

Главниот совет може, со согласност на Министерството за правда, да одреди податоци за работа на нотарот во кои тие се должни да ги поднесат извештаите на надлежните комори и Главниот совет.

Нотарот е должен најкасно до крајот на јануари наредната година, да поднесе на Министерството за правда, на подрачната комора и на Главниот совет извештај за својата работа за текот на претходната година, според упатствата на Министерството за изработка на годишни извештаи.

7. Нотарски архив

Член 65

Откако службеното дејствие по повод кое списот бил основан биде завршено, нотарот ќе го прегледа списот и ако утврди дека во него се наоѓаат сите писмена кои во него треба да се наоѓаат, а посебно дека се собрани доставниците и повратниците за извршените достави, како и дека се наплатени таксите, односно дека е покренатa постапка за нивна наплата, со ставање на соодветен штембил на обвивката на списот ќе се определи негово архивирање.

Пред ставањето на списот во архива, на списот и на неговата обвивка ќе се стави со штембил забелешка за наплатените такси, односно дека е поднесена пријава за наплата на таксите и во списот вложениот примерок на извештајот за ненаплатените такси, со потврда од надлежното тело за приемот на примерок од тој извештај.

Списите се архивираат во посебни ормари во нотарската канцеларија (општ архив), така што се сложуваат во посебни фасцикли за одредени видови на уписници

според редните броеви, за одредени години. На предната страна на фасциклата ќе се стави ознака на уписникот, како и броевите на списот кои во него се наоѓаат.

Во општата архива се чуваат уписници, именици и други помошни книги, односно евиденции.

Нотарот е должен да води прегледни таблици со податоци, каде што се чуваат одредени видови на списи.

Одделни списи од историско, научно, културно или друго општодржавно значење, можат да се чуваат издвоено од останатите списи во посебен ормар, каса или трезор, средени по години и по нивното значење, во посебни фасцикли на кои од надворешната страна ќе се означи годината на списот кој се наоѓа во фасциклата. Во општата архива на местото на кое би требало да се чуваат издвоени списи, ќе се стави лист хартија со забелешка за местото каде списот се чува. Во уписникот во кој списот е запишан, ќе се назначи каде тој се наоѓа.

Нотарот води посебна евиденција на издадени списи од архивата (Образец бр. 24 од овој Правилник), во кој ќе се запишат сите списи издадени од архивата, со назначување на датумот, кога се издадени, каде се наоѓаат, и по можност кога би требало да бидат вратени.

Член 66

Списите ставени во архивата се средуваат во соодветни ормари на полици и слично, така што да бидат заштитени од влага, пожар, прашина, губење и оштетување.

Архивскиот материјал (одделни списи, група на списи, уписници, именици и други помошни книги), се чуваат и издаваат според посебни прописи за чување, собирање и повремено издавање на архивскиот материјал, како и според одредбите од овој Правилник.

Трајно се чуваат уписниците и имениците кои нотарот е должен да ги има според Законот за вршењето на нотарските работи и според овој Правилник, сите нотарски акти и потврдени (солемнизирани) исправи кои се однесуваат на недвижности, списите за доверување на изјавата на последна волја, други списи кои заради својата содржина или лица на кои се однесуваат се од посебно историско, научно или политичко значење.

Списите за заверка и потврда се чуваат три години.

Списите за доверени работи како и списите за кои се води постапка пред судот или друг орган, се чуваат толку време колку и историодните списи кај судот или кај друг орган.

Сите останати списи се чуваат пет години.

8. Преодни и завршни одредби

Член 67

Составен дел на овој правилник се и обрасците од број 1 до 24.

Член 68

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 09-2268/1
3 октомври 1997 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Ѓорѓи Спасов**, с.р.

Образец бр. 1 (член 7 став 2 од Правилникот)

УПИСНИК ЗА ЗАВЕРКА НА УПИСНИЦИ И КНИГИ

Година 19 ____ **Страница _____**

Реден број	Датум на прием	Назив на уписникот или книгата	Презиме и име и адреса на нотарот	Датум на заверка	Датум на враќање	Уписникот или книгата се исполнети датум	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7	8

Формат (295 x 420 мм)

Образец бр. 2 (член 10 од Правилникот)

ОПШТ ДЕЛОВЕН УПИСНИК "ОДУ"

Година 19 ____ **Страница_____**

Реден број	Датум на упис	Презиме и име, занимање и адреса или назив (фирма) и седиште	Краток опис на договорот или другата правна работа, преземено службено дејствие и ознака на вредност	Износ на наплатена такса според Тар.бр. _____	Износ на платена награда според Тар.бр. ____	Ознака на движење на списите	ЗАБЕЛЕШКА
1	2	3	4	5	6	7	8

Формат (295 x 420 мм)

Образец бр. 3 (член 11 од Правилникот)

УПИСНИК ЗА ЗАВЕРКИ И ПОТВРДИ "УЗП"

лева страна

За сите заверки		Презиме и име занимање и адреса на странката и нејзин потпис	Видот на заверката или потврда и вид на исправа во врска со која се презема дејствието	Потпис (своерачен) даден или е признат кај нотарот	Превод на исправа (направена од нотарот)	Видот на потврдата за овластување за застапување, предочување на исправа и друго	ИДЕНТИТЕТ	
Ред. број	Датум на заверка или потврда						Лично е познат	На основа на лична карта, пасош, број и кој ја издал
1	2	3	4	5	6	7	8	9

десна страна

УТВРДЕН	Вид на извод од трговски книги и датум на преглед на книгите	Видот на исправата кој се заверува, издавач, број, датум на издавање и на кој јазик е издадена	Дали е наплатена такса, колку и по кој Тар.бр.	Наплатена награда, колку и кој Тар.бр.	ЗАБЕЛЕШКА	Потпис на нотарот
сведоци, нивно презиме и име, занимање, број на лична карта, пасош и потпис						
10	11	12	13	14	15	16

Формат (420 x 295 мм)

Образец бр. 4 (член 12 од Правилникот[1])

УПИСНИК ЗА ПРОТЕСТИ "УП"

Нотар _____
(име, презиме и седиште)

Уписник за протести, Книга I
Реден број _____

ПРОТЕСТ

На барање _____
(име и презиме, и адреса, или име, фирма и седиште на правното лице (на подносителот на барањето)
потпишаниот денеска, _____, во _____ часот му ја поднесе - проба да му
(датум)
ја поднесе _____
(име, презиме, т.е за правни лица име или фирма, (или податоци за овластените лица
на кои им ја поднесе или се обиде да им ја поднесе меницата или чекот,
во понатамошниот текст: обврзник - ци)
(во натамошниот текст на обврзникот-обврзниците) во _____
_____
(адреса и место во кое дејствието е извршено во деловна просторија, стан или друго место)
...ата - чекот - препис на меницата со следнава содржина: _____
_____
_____
(да има десет линии за содржината на меницата или чекот (препис на меницата или чекот)
со изјави односно забелешки со следната содржина _____
_____
_____
(да се наведе изјавата односно забелешките на меницата - чекот - преписот на меницата или чекот)
и го повика - и ги повика - проба да го повика - проба да ги повика - и таа меница - чек - препис на меница ја исплати - акцептира датира . да предаде .. оригинал - дупликат на таа меница.

Обврзникот-обврзниците не ја изврши - не ја извршија обрврската, поради што го дадоа следното образложените _____
_____
(да се наведат причините кои обврзникот ги навел поради што одбил)

---

1 Во Образецот треба да се прецрта делот на текстот кој не одговара на содржината на извршеното дејствие, и тоа така што прецртаните места да останат читливи Секое прецртано место од страна, нотарот ќе го парафира.

Трасатот, на кому меницата му е поднесена на акцептирање, побарал меницата да му биде поднесена уште еднаш наредниот ден.

Потпишаниот не можел да го најде обврзникот на горе наведената адреса, а друга адреса не можеше да дознае, ни преку службата за внатрешни работи.

Потпишаниот не можеше на обврзникот да му го соопшти барањето, затоа што _____

_____

(да се наведат причините, поради што протестот неможел да му биде соопштен)

_____

(име и презиме, т.е. име и фирма кое барањето го извршило)

му платил на потпишаниот _____ износ од

(колку му платил и во чиво присуство)

_____ денари, што потпишаниот потврди на меницата-чекот - преписот на меницата и му ја предаде на обврзникот.

Меничниот должник исплати само _____, што потпишаниот

(дел)

забележа на изворната меница-чекот-преписот на меницата и на обврзникот му издаде признаница на преписот на протестираната меница.

Меничниот обврзник, кој ја исплати меницата-чековната сума и кому меницата-чекот му е предаден, го да ги плати протесните трошкови во износ од _____ денари.

Трошоци на протестот _____.

(да се специфицираат трошоците)

во _____ Нотар,

(место и дата) _____

Образец бр. 5 (член 12 од Правилникот[1])

Нотар _____

(име, презиме и седиште)

Уписник за протести, Книга II

Реден број _____

ПОТВРДА ЗА ЗАМЕНА НА ПРОТЕСТОТ
(член 77 став 1 од Законот за меница - член 19 став 2 точка 2 од Законот за чек)

На барање _____

(име, презиме, т.е. за правни лица име или фирма на подносителот на барањето (имателот на меницата или негов застапник) т.е. негова адреса)

во протесниот уписник да се запише следната изјава: _____

_____

(да се остават десет празни реда за да се напише целата содржина на изјавата од меницата (чекот-преписот на меницата)

која трасатот - адресатот по потреба - интервениентот - издавачот _____

_____

(да се остави простор во кој ќе се запише името на обврзникот, т.е. лицето кое ја потпишало исправата)

ја ставил датата и ја потпишал меницата - чекот - преписот на меницата со следната содржина

_____

_____

(да се остават десет реда за содржината на меницата - чекот - преписот на меницата)

потпишаниот го прифати барањето и целата содржина на меницата - чекот - преписот на меницата и изјавите на меницата - чекот - преписот на меницата ги запиша во уписникот за протести, а на протестираната меница - чекот - преписот на меницата потврди дека таа изјава е денеска запишана во протесниот уписник, ги означи трошоците за оваа постапка, а потоа го врати барањето на подносителот.

Трошоци за спроведената постапка _____

_____

_____

(да се специфицираат трошоците)

Во _____

(место и дата)

Нотар,

_____

---

1 Во Образецот треба да се прецрта делот на текстот кој не одговара на содржината на извршеното дејствие, и тоа така што прецртаните места да останат читливи. Секое прецртано место од страна, нотарот ќе го парафира.

Образец бр. 6 (член 12 од Правилникот[1])

Нотар _____
(име, презиме и седиште)

Уписник за протести, Книга III
Реден број _____

ПОТВРДА ЗА ЗАМЕНА НА ПРОТЕСТОТ
(член 77 став 3 од Законот за меница - член 23 точка 10 од Законот за чек)

На барање _____
(име, презиме, т.е. за правни лица име или фирма на подносителот на барањето (имателот на меницата или негов застапник) т.е. негова адреса)
потпишаниот денеска со препорачано писмо им прати на следните лица: _____
_____
(да се остават пет празни реда за да се наведат имињата на обврзниците)
по еден примерок од меницата - чекот - преписот на меницата, кој гласи:_____
_____
(да се остават десет празни реда за содржината на меницата - чекот - преписот на меницата)
со напомена дека меницата - чекот - преписот на меницата е протестирана затоа што не е исплатена - затоа што не е акцептирана.

Потпишаниот денеска оваа потврда во оригинал ја запиша во уписникот за протести, а потврдата ја предаде на подносителот на барањето.

Трошоци за спроведената постапка _____
_____
_____
(да се специфицираат трошоците)

Во _____
(место и дата)

Нотар,
_____

_____

1 Во Образецот треба да се прецрта делот на текстот кој не одговара на содржината на извршеното дејствие, и тоа така што прецртаните места да останат читливи. Секое прецртано место од страна, нотарот ќе го парафира.

Образец бр. 7 (член 23 од Прави

УПИСНИК ЗА ДОВЕРЕНИ РАБОТИ "УДР

Година 19 ____ **Страница: _____**

Реден број	Датум на уписот	Презиме, име, занимање, адреса, назив на фирма и седиште на странката	Краток опис на доверената работа	Датум на испраќање на судот (или друг орган) на составената исправа	ЗАБЕЛЕШКА
1	2	3	4	5	6

Формат (295 x 420 мм)

Образец бр. 8 (член 24 од Правилникот)

ИМЕНИК ЗА РАСПОЛАГАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ "ИРС"

Година 19 _____ Страница _____

Реден број	Датум на приемот на располагањето	Презиме, име и адреса на лицето кое располагањето го дало	Презиме и име и адреса на лицето чие располагање е дадено	Број на списот во кој располагањето се чува
1	2	3	4	5

Формат (295 x 420 мм)

Образец бр. 9 (член 25 од Правилникот)

ДЕПОЗИТНА КНИГА "ДК"

Година 19 _____ **страница ____**

Реден број	Датум на уписот	Презиме, име, занимање, адреса и назив на фирмата и седиште на странката	Идентитетот на странката е утврден			Опис на депозитот и дејството кое треба да се преземе	Презиме и име, т.е. назив или фирма на странката на која депозитот треба да се предаде	ЗАБЕЛЕШКА
			лично	сведоци	лична карта, пасош, број и орган кој го издал			
1	2	3	4	5	6	7	8	9

Формат (420 x 295 мм)

Образец бр. 10 (член 26 од Правилникот)

ИМЕНИК НА ДОВЕРЕНИ РАБОТИ "ИДР"

Година 19 _____ **Страница _____**

Реден број	Презиме, име и адреса, т.е. назив, или фирма и седиште на странката за доверените работи	Уписник за доверени работи и број под кој е уписот извршен	Место за буква
1	2	3	

Формат (210 x 295 мм)

Образец бр. 11 (член 27 од Правилникот)

ЗАЕДНИЧКИ АЗБУЧЕН ИМЕНИК "ЗИ"

Година 19 _____ **Страница _____**

Реден број	Презиме, име и адреса, т.е. назив, фирма и седиште на странката	Уписник во кој е заведен предметот и под кој број	Место за буква
1	2	3	

Формат (210 x 295 мм)

Образец бр. 12 (ч. (н 35 од Правилникот)

ДОСТАВНА КНИГА ЗА ПОШТА

Реден број	Датум на испраќање	Ознака на списите	Примач		Тежина во гр.	Поштарина	Број на пратката
			презиме, име, т.е. назив или фирма	адреса			
1	2	3	4	5	6	7	8

Формат (210 x 295 мм)

Образец бр. 13 (член 35 од Правилникот)

ДОСТАВНА КНИГА ЗА МЕСТО

Реден број	Датум на уписот	Ознака на списите	Примач		Потврда за прием	
			презиме, име, т.е. назив или фирма	адреса	датум	потпис
1	2	3	4	5	6	7

Формат (210 x 295 мм)

Образец бр. 14 (член 37 од Правилникот)

ОБВИВКА НА СПИСИТЕ

_____

Име на нотарската канцеларија

Број _____

_____

ОБВИВКА НА СПИСИТЕ

_____

податоци за предметот и странките

_____

Број _____

Формат (240 x 310 мм)

Образец бр. 15 (член 37 од Правилникот)

ПОПИС НА ПИСМЕНАТА

Реден број	Датум на приемот или составување писмо кај нотарот	Кратка ознака на содржината	Број на прилози	Број на листови	ЗАБЕЛЕШКА
1	2	3	4	5	6

Формат (210 x 295 мм)

Образец бр. 16 (член 51 од Правилникот)

БЛАГАЈНИЧКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНА КОЈА ЈА УПЛАТИЛЕ СТРАНКИТЕ

Реден број	Датум	Ознака на предметот	Број на контото	Опис	Примено	Издадено
1	2	3	4	5	6	7
Спецификација (8)			1. Промет на благајната			
			2. Салдо од _____			Благајник
			3. Вкупно примено (1 + 2)			Книжел
			4. Издаток			Контролирал
			5. Салдо во текот на денот (3 - 4)			

Формат (210 x 295 мм)

Образец бр. 17 (член 5. од Правилникот)

КОНТОВНИК НА ГОТОВИНСКИ ДЕПОЗИТИ КОИ СЕ ЧУВААТ ВО БЛАГАЈНАТА НА НОТАРОТ ИЛИ НА СМЕТКА НА НОТАРОТ ВО БАНКА

Заверка на нотарот			Ознака на предметот	Назив на сметката		Број на контото	
						Број на контовник	
						Број на страниците	
Датум	Ознака на предметот	Број на документот	Опис	Долгува	Побарува	Салдо	
1	2	3	4	5	6	7	

Формат (240 x 220 мм)

Образец бр. 18 (член 51 од Правилникот)

ДНЕВНИК НА ГОТОВИНСКИ ДЕПОЗИТИ КОИ СЕ ЧУВААТ ВО БЛАГАЈНАТА НА НОТАРОТ ИЛИ НА СМЕТКА НА НОТАРОТ ВО БАНКА

Заверка на нотарот			Дневник на готовински депозити кои се чуваат _____			Место и година	Број на страници
Датум	Ознака на предметот	Број на документ	Опис	Долгува	Побарува	Салдо	Број на контовник
1	2	3	4	5	6	7	8
Вкупно							
Пренос од претходна страница							
Пренос на следната страница							

Формат (300 x 310 мм)

Образец бр. 19 (член 56 од Правилникот)

КОНТОВНИК НА НЕГОТОВИНСКИ ДЕПОЗИТИ

Заверка на нотарот		Ознака на предметот	Назив на сметката				Место на чување	Број на конто	
								Број на контовник	
								Број на страници	
Дата	Ознака на предметот	Опис	Количина			Поединечна вредност	Вкупна вредност		
			влез	излез	состојба		должи	побарува	салдо
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10

Формат (240 x 220 мм)

Образец бр. 20 (член 56 од Правилникот)

ДНЕВНИК НА НЕГОТОВИНСКИ ДЕПОЗИТИ

Заверка на нотарот			Дневник на неготовински депозити						Место и година	Број на страници
Дата	Ознака на предметот	Опис	количина			Поединечна вредност	вкупна вредност			Број на контовник
			влез	излез	состојба		должи	побарува	салдо	
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
Вкупно										
Пренос од претходната страница										
Пренос на наредната страница										

Формат (300 x 310 мм)

Образец бр. 21 (член 58 од Правилникот)

ЕВИДЕНЦИЈА НА ДЕПОЗИТ ДАДЕН НА ЧУВАЊЕ КАЈ ДРУГИ ЛИЦА

Реден број	Датум на прием на депозитот	Презиме, име и адреса или назив и седиште на депонентот	Вид на депозит	Опис на депозитот	Вредност на депозитот	Ознака на предметот	Презиме, име и адреса, или назив и седиште на овој кој го чува	Датум на одлуката за враќање на депозитот	Опис на предметот кој е предаден	Презиме, име, адреса или назив на примачот	Датум и потврда за прием	ЗАБЕЛЕШКА
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13

Образец бр. 22 (член 62 Правилникот)

_____ _____

Нотар **Ознака на списот**

ПОПИС НА ТРОШКОВИ

Реден број	Дата на исплатени трошкови	Вид на трошкови	Кому му е исплатено	Износ на трошкови
1	2	3	4	5

Формат (210 x 295 мм)

Образец бр. 23 (член 63 од Правилникот)

ПРЕСМЕТКОВЕН ЛИСТ

_____ _____

Нотар **ознака на списот**

Даден аванс _____

Датум	Име и презиме на примачот	Страна на дневникот	Примено денари	Издадено денари	Наредба за исплата на лист бр. ____
1	2	3	4	5	6

Формат (210 x 295)

Образец бр. 24 (член 65 од Правилникот)

ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИ СПИСИ ОД АРХИВА

Реден број	Број на издаден спис	Датум кога е списот издаден	Списот се наоѓа: да се наведе кај кого	Рок за враќање на списи	ЗАБЕЛЕШКА
1	2	3	4	5	6

Формат (210 x 295 мм)

1015.

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за вршењето на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/96), министерот за правда донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, НАЧИНОТ НА ПИШУВАЊЕ И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се уредува формата, начинот на пишување и одбележување на нотарските исправи.

1. Форма на нотарските исправи

Член 2

Сите нотарски исправи кои ги составува нотарот треба да бидат напишани на бела хартија, стандарден А4 формат.

Квалитетот на хартијата мора да биде таков што ќе ја обезбедува трајноста на нотарските исправи и текстот што тие го содржат.

Нотарските исправи нотарот ги составува во определен број примероци што е соодветен на бројот на странките, на материјата за која се составува нотарската исправа и еден примерок кој задолжително го задржува нотарот.

Член 3

Сите акти што ги составува нотарот треба да го содржат грбот на Република Македонија и името „Република Македонија".

Грбот на Република Македонија и името „Република Македонија" задолжително се испишуваат во горниот лев агол од листот.

Во горниот лев агол на исправата над текстот ќе се стави грбот на Република Македонија, името „Република Македонија", а под тоа името и презимето на нотарот со означување на неговото својство и во наредниот ред адреса на седиштето на нотарската канцеларија, на пример:

Република Македонија
НОТАР
име и презиме

(место, улица и број)

Во горниот лев агол од листот на нотарската исправа се внесуваат и податоци за годината, месецот, денот, местото и часот кога актот е составен.

Член 4

Во горниот десен агол од листот на нотарската исправа се става ознака на предметот со деловодниот број.

Доколку нотарската исправа се состои од повеќе листови, ознаката на предметот со деловодниот број се става на секој лист во горниот десен агол.

Член 5

На крајот на исправата, под содржината и потписите на странките, од десната страна, исправата своерачно ја потпишува нотарот и ја заверува со свој службен печат.

Доколку нотарската исправа се состои од повеќе листови, листовите треба да бидат поврзани така што ќе претставуваат една целина.

Секој лист треба да има отпечаток од службениот печат на нотарот.

Секој лист треба да биде означен со арапски реден број.

2. Начин на пишување на нотарските исправи

Член 6

Текстот на нотарската исправа мора да биде јасен, читлив и уреден, составен на литературен јазик, напишан на машина за пишување или со други средства за пишување.

Нотарската исправа може да биде напишана рачно само со трајно мастило и тоа во исклучителни случаи (воена и вонредна состојба).

Нотарската исправа не може да биде напишана врз основа на претходно подготвен формулар или образец.

3. Потврда (солемнизација) на приватни исправи

Член 7

Потврдата на приватните исправи се врши со ставање на штембил за потврда на приватна исправа со пишување на машина или друго средство на механичко пишување.

Нотарот таквата потврда ќе ја потпише и завери со својот печат (штембил Образец бр. 16 од Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на печатот, жигот и штембилите и фирмата на нотарот (во понатамошниот текст: ППШ).

4. Издавање на изводи и преписи од нотарскиот акт

Член 8

Потврда на извод на нотарскиот акт се врши со ставање на штембил (Образец бр. 8 од ППШ), со машина за пишување или друго средство за механичко пишување. Ако се издава извадок на нотарскиот акт, тоа во потврдата ќе се назначи. Во потврдата на изводот на нотарскиот акт со кој не е приложен и препис, на прилогот тоа посебно ќе се означи.

Потврда за препис на нотарскиот акт се врши со ставање на штембил (Образец бр. 11 од ППШ), со машина за пишување или друго средство за механичко пишување.

Потврдите од став 1 и 2 на овој член, нотарот ќе ги потпише и завери со својот печат.

5. Нотарски записници и белешки

Член 9

Записникот го составува самиот нотар или овластено лице во неговата канцеларија.

Член 10

Записниците по правило се пишуваат на машина за пишување или компјутерски.

Записниците кои се составуваат надвор од канцеларијата, можат по исклучок да се напишат и на рака и тоа со средство кое остава траен белег. Во тој случај, записникот треба да се препише со машина за пишување или друго механичко средство за пишување веднаш по враќањето во канцеларијата.

Ако текот на службеното дејствие односно делови од тоа дејствие се водат стенографски, записникот ќе се пишува со молив за копирање. Стенографските белешки ќе се пренесат во рок од 48 часа на обично писмо, потоа ќе се прегледаат и препишат со машина за пишување или друго средство за пишување и потоа ќе се приложат во изворникот на записникот.

Преписот од записникот составен по одредбите на став 2 и 3 на овој член, ќе го овери нотарот или лицето вработено во неговата канцеларија кое го извршило соодветното дејствие со својот потпис и со ставање на печат. Записникот пишуван на рака, ќе остане во списот, а преписот ќе му се приложи.

Член 11

Кога според постојните прописи не треба да се составува записник, се составува службена белешка, во која ќе се наведе извршеното службено дејствие, датумот и местото на извршување. Службената белешка ја потпишува нотарот или лицето вработено во неговата канцеларија, кое го презело службеното дејствие.

Ако службената белешка содржи изјава на странката или соопштение дадено на присутната странка, белешката ќе ја потпише и странката.

Член 12

На потврдите за записниците и уписниците, на соодветен начин се применуваат одредбите од член 7 од овој правилник.

6. Забелешка за издавање и враќање на извод

Член 13

Забелешката за издавање на извод се става со штембил (Образец бр. 9 од ППШ), со машина за пишување или со друго средство за механичко пишување или со рака.

Забелешката за враќање на извод се става со штембил (Образец бр. 10 од ППШ), со машина за пишување или друго средство за механичко пишување или со рака.

7. Други писмена

Член 14

Другите писмена кои ги составува нотарот (дописи, замолници и друго), можат покрај она што треба, односно може да го содржи нотарскиот акт, да има и ознака на бројот на телефонот, телексот и телефаксот, односно поштенскиот преградок. Во насловот на тие писмена, треба да биде означено и работното време на нотарската канцеларија.

8. Место каде се вршат нотарските заверки

Член 15

Заверките по правило се вршат во нотарската канцеларија.

Заверка на потпис или ракознак може да се изврши и надвор од нотарската канцеларија, ако за тоа постојат оправдани причини.

Лицето кое бара заверка на потпис или ракознак надвор од нотарската канцеларија, должно е на барање од нотарот претходно да уплати аванс за покривање на патните и други трошоци.

Ако заверката на потписот или ракознакот се врши надвор од нотарската канцеларија, за заверката ќе се состави записник кој мора да ги содржи сите податоци од уписникот за заверки. Податоците од записникот дополнително ќе се запишат во уписникот за заверки. Во рубрика за забелешки ќе се назначи дека податоците се внесени од записникот.

Ако во потврдата за заверка кое се врши надвор од нотарската канцеларија, не може да се наведе редниот број на уписникот за заверки, ќе се наведе датумот и местото во кое заверката е извршена.

9. Начин за заверка на потписи, ракознаци и преписи

Член 16

Заверка на потписот, ракознакот и преписот се врши со ставање на потврда на исправата односно на преписот. Потврдата за заверка на потписот или ракознакот се става на крајот испод потписот, а потврдата за заверка на преписот испод текстот кој се заверува. Потврдата се става со штембил за заверка на потпис и ракознак (Образец бр. 12 од ППШ), и со штембил за заверка на препис (Образец бр. 11 од ППШ); со машина за пишување или со друго средство на механичко пишување. Потврдата за заверка се става на исправата, односно преписот откако во уписникот за заверки и потврди ќе се извршат сите уписи и стават потребните потписи.

Потврдата за заверка на потписот, односно ракознакот, мора да го содржи сé она што е предвидено во член 61 од Законот за вршење на нотарските работи. Потврдата за заверка на препис мора да го содржи сé она што е предвидено во член 58 од Законот за вршењето на нотарските работи.

10. Начин на заверка на изводи од трговски и деловни книги

Член 17

Заверката на изводите од трговските и деловните книги се врши со ставање на потврда на изводот предвидена со одредбите на член 59 од Законот за вршењето на нотарските работи, со штембил (Образец бр. 13 од ППШ); со машина за пишување или друго средство за механичко пишување.

11. Начин на заверка на превод

Член 18

Заверка на превод се врши со ставање на потврда на преводот предвидено во одредбите на член 60 од Законот за вршењето на нотарските работи, со ставање на штембил (Образец бр. 14 од ППШ); со машина за пишување или друго средство на механичко пишување.

12. Потврда за времето кога исправата е дадена на увид (предочена)

Член 19

Потврдата за времето кога исправата е поднесена на увид – предочена – ќе се стави на исправата со штембил (Образец бр. 15 од ППШ); со машина за пишување или друго средство на механичко пишување (член 62 од Законот за вршењето на нотарските работи).

13. Обрасци

Член 20

За одделни дејствија или работи кои често се повторуваат, нотарот може да користи и обрасци чија форма и содржина ќе ја утврди самиот, ако со овој правилник или друг пропис не е поинаку определено. Заради еднообразност, ваквите обрасци може да ги утврди и Комората.

14. Одбележување на нотарските исправи

Член 21

Секоја составена нотарска исправа образува посебен предмет кој нотарот задолжително го заведува во уписниците и книгите.

Член 22

Уписите се заведуваат без одлагање, по ред, како ќе стигне предметот.

Ако поради бројноста или од други определени причини предметите не можат да бидат заведени истиот ден, ќе се заведат најдоцна наредниот ден пред заведување на новите предмети, а под датумот кога се примени.

Член 23

Секој предмет се обележува со скратен назив на соодветниот уписник или книга, редниот број под кој се заведува и последните два броја од годината, како и датумот.

Поединечните поднесоци во предметот се означуваат во горниот десен агол со деловниот број кој ја содржи ознаката на предметот и подброј (реден број со кој се означува секој поединечен поднесок).

Член 24

Секој нов предмет добива нова обвивка.

На насловната страница од обвивката во горниот лев агол се внесуваат податоци за нотарот кој учествувал во сооставувањето на актот (презиме, име, седиште).

На средината на обвивката се внесуваат бројот на предметот, податоците за предметот и имињата на странките.

Пред бројот на предметот се внесува скратен назив на уписникот или книгата, редниот број и последните два броја од годината.

Член 25

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 09-2269/1
3 октомври 1997 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Ѓорѓи Спасов**, с.р.

1016.

Врз основа на член 140 став 2 од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/96), министерот за правда донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ПЕЧАТОТ, ЖИГОТ, ШТЕМБИЛИТЕ И ФИРМАТА НА НОТАРОТ

Член 1

Со овој правилник поблиску се уредува формата, содржината и начинот на издавање и одземање на печатот, жигот, штембилите и фирмата на нотарот.

1. Форма и содржина на печатот, жигот и штембилите на нотарот

Член 2

Службениот печат и жиг на нотарот имаат тркалезен облик и го содржат грбот на Република Македонија и името на Република Македонија, називот „нотар", името и презимето на нотарот, и името на местото во кое е службеното седиште на нотарот.

Пречникот на службениот печат изнесува 35 мм.

Член 3

Службениот печат од член 2 од овој правилник, нотарот може да го втиснува со црно, темно-сино или виолетово мастило.

Жигот е изработен од метал во пречник од 35 мм, и истиот ќе се втиснува на црвен восок.

Сувиот жиг е со пречник од 35 мм.

Член 4

Со службениот печат и жигот ракува само нотарот и лицата кои се овластени во неговата канцеларија.

Службениот печат и жигот, нотарот мора да ги држи заклучени.

Печатот и жигот се нарачуваат, изработуваат и уништуваат согласно со одредбите од Законот за вршењето на нотарските работи.

Член 5

Нотарот во вршење на својата работа користи и штембили.

Нотарот ги користи штембилите пропишани со Законот за вршењето на нотарските работи, со овој правилник и други прописи.

Покрај штембилите од став 1 на овој член, нотарот може да користи и штембили кои самиот ќе ги определи, ако со нивната употреба се олеснува и поедноставува работењето.

Штембилите од став 3 на овој член не се заверуваат.

Член 6

Нотарот ги има следните штембили:

1. Штембил за заверка на службени книги (Образец бр. 1);
2. Штембил за означување на нотарската канцеларија (Образец бр. 2);
3. Штембил за забелешка за испраќање (Образец бр. 3);
4. Штембил за забелешка за прием на писмено – приемен штембил (Образец бр. 4);
5. Штембил за заклучување на уписници и депозитни книги (Образец бр. 5);
6. Штембил за одобрение за ослободување од плаќање на трошоци – такси (Образец бр. 6);
7. Штембил за потврда за извршност на нотарскиот акт (Образец бр. 7);
8. Штембил за забелешка за заверка на извод (Образец бр. 8);
9. Штембил за забелешка за издавање на извод (Образец бр. 9);
10. Штембил за забелешка за враќање на извод (Образец бр. 10);
11. Штембил за заверка на препис (Образец бр. 11);
12. Штембил за заверка на потпис (Образец бр. 12);
13. Штембил за заверка на изводи од трговски и деловни книги (Образец бр. 13);
14. Штембил за заверка на преводи (Образец бр. 14);
15. Штембил за потврда на времето кога исправата е поднесена (ставена на увид – предочена) (Образец бр. 15);
16. Штембил за потврдување на приватни исправи (солемнизација) (Образец бр. 16);
17. Штембил за потврдување дека таксата е платена (Образец бр. 17);
18. Штембил за потврдување дека таксата е помалку платена (Образец бр. 18);
19. Штембил за потврдување за чување на списот до — година (Образец бр. 19);
20. Штембил за трајно чување на списот (Образец бр. 20);
21. Штембил за пресметка на авансирање на трошоци за излегување надвор од канцеларијата (Образец бр. 21);
22. Штембил за потврдување на преписот (Образец бр. 22);

Обрасците од став 1 на овој член се составен дел на овој правилник.

Член 7

Наместо употреба на штембил, нотарот може потврдата: на приватните исправи; за времето кога исправата е поднесена; за заверка на преводи; за заверка на изводи од трговски и деловни книги; за заверка на потписи; за заверка на преписи; за заверка, издавање и враќање на извод, да ја напише на машина или со други средства за пишување.

Наместо употреба на штембил, нотарот може означувањето на нотарската канцеларија да го напише на машина или со други средства за пишување.

2. Начин на издавање и одземање на печатот, жигот и штембилите

Член 8

Поради запазување на еднообразноста на печатите, жигот и штембилите, истите ќе се изготвуваат преку Главниот совет на нотаријатот, а по барање на нотарот.

Трошоците за изработка на печатот, жигот и штембилите ги плаќа нотарот.

Член 9

Барањето за изработка на печатот, жигот и штембилите ги содржи следните податоци: означување на прописите врз основа на кои печатот, жигот и штембилите се изработуваат, бројот и датумот на повелбата за поставување, бројот, видот и големината на печатот, жигот и штембилите и содржината на секој штембил.

Главниот совет ќе издаде потврда дека се исполнети пропишаните услови за изработка на нарачаниот печат, жиг и штембили и барањето ќе го достави на овластено лице за изработка.

Член 10

Овластеното лице за изработка на печатот, жигот и штембилите, истите ќе му ги предаде на Главниот совет, кој ги предава на претседателот на основниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот.

Претседателот на судот од став 1 од овој член, ја проверува содржината и бројот на изработениот печат, жиг и штембили и составува записник на кој ќе бидат втиснати печатот, жигот и штембилите, а потоа ќе ги предаде на нотарот.

Записникот за заверка и предавање ќе го потпишат претседателот на судот, записничарот и нотарот.

Заверен примерок од записникот, ќе му се предаде на нотарот.

Во записникот од став 4 на овој член ќе се утврди и бојата на мастилото која ќе ја користи нотарот.

Член 11

По дадената свечена изјава нотарот ќе го завери својот потпис кај основниот суд на чие подрачје има седиште.

Потписот на нотарот го заверува претседателот на судот од став 1 од овој член, составувајќи посебен записник во кој ќе биде утврден потписот на нотарот што ќе го користи во својата работа. Записникот го потпишуваат претседателот на судот, записничарот и нотарот. Заверен примерок од записникот му се предава на нотарот.

На начин предвиден во став 2 од овој член, ќе се заверат и потписите на другите лица вработени во нотарската канцеларија кои се овластени за преземање на определени службени дејствија.

Член 12

Печатот, жигот и штембилите на нотарот привремено му се одземаат со истовремено изрекување на дисциплинска казна привремено одземање на правата за вршење на службата во траење од еден месец до една година.

Печатот, жигот и штембилите на нотарот му се одземаат доколку нотарот престане да ја врши функцијата, согласно со членовите 16,17,18 и 120 став 1 точка д од Законот за вршењето на нотарските работи.

Член 13

Постапката за одземање на печатот, жигот и штембилите ја спроведува Главниот совет на нотаријатот, преку комисија составена од три члена.

За одземањето комисијата составува записник, од кој еден заверен примерок му се предава на нотарот.

При трајно одземање, судот на чие подрачје нотарот има седиште ќе ги поништи печатот, жигот и штембилите со сечење на два дела.

Претседателот на судот од став 3 на овој член, ќе именува комисија составена од три члена, која ќе присуствува на поништувањето на печатот, жигот и штембилите. За постапката комисијата составува записник, од кој еден заверен примерок му се предава на нотарот.

На ист начин се постапува и со истрошениот или оштетениот печат, жиг или штембили.

3. Фирма на нотарот

Член 14

На видливо место на зградата во која е сместена канцеларијата на нотарот, мора да биде истакната фирмата на нотарот.

Член 15

Фирмата на нотарот го содржи: грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија", називот „нотар", името и презимето на нотарот, улица и број и неговото седиште.

Фирмата се испишува на посебна четириаголна плоча со димензии 40 x 70 см. Текстот треба да биде напишан со печатни големи букви во златна боја на црна стаклена подлога.

4. Преодни и завршни одредби

Член 16

До основање на Главниот совет на нотаријатот, издавањето и одземањето на печатот, жигот и штембилите на нотарот, на начин утврден со овој правилник, го врши Министерството за правда.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 09-2270/1
3 октомври 1997 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Ѓорѓи Спасов**, с.р.

Образец бр. 1 (член 6 став 1 точка 1 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА СЛУЖБЕНИ КНИГИ

Подрачната нотарска комора _____

Прими од _____
(име, презиме и адреса на нотарот)

на ден ____ 19___ г. ___, овој, оваа _____
(назив на уписникот или книгата)

и по прегледот издаде

ПОТВРДА

Се потврдува дека овој, оваа _____
(назив на уписникот или книгата)

има _____ страници, и на ден
(број) (зборови)

_____ 19 _____ ја потпиша и ја заверi на ден _____ 19 ___ година и ја предаде

_____ на нотарот од _____
(име и презиме) (место)

Број ___

Во _____, _____ 19____ година
(место)

Претседател,

Формат (100 x 100 мм)

Образец бр. 2 (член 6 став 1 точка 2 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА НОТАРСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА

НОТАР

_____

име и презиме

_____

седиште

Формат (80 x 40 мм)

Образец бр. 3 (член 6 став 1 точка 3 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАБЕЛЕШКА ЗА ИСПРАЌАЊЕ

Испратено _____ _____

(датум) (потпис)

Формат (80 x 30 мм)

Образец бр. 4 (член 6 став 1 точка 4 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАБЕЛЕШКА ЗА ПРИЕМ НА ПИСМЕНО - ПРИЕМЕН ШТЕМБИЛ

НОТАР _____

(име и презиме службено седиште и адреса)

Примени непосредно-по пошта (обично-препорачано) _____ 19 ____ год во _____ примероци со _____ прилози и _____ рубрики

Писменото е стигнато по пошта отворено - со оштетена обвивка

Предадено на пошта препорачано на ден _____ 19 ____ год

Писменото таксирано со _____ денари - таксата - недостасува такси - денари - писменото е примено без такси

Примени вредности (пари, таксени марки и сл)_____

_____

Потпис на овластеното лице,

Формат (100 x 75 мм)

Образец бр. 5 (член 6 став 1 точка 5 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА УПИСНИЦИТЕ ИЛИ ДЕПОЗИТНА КНИГА

Подрачната нотарска комора _____

Прими од _____

(име, презиме и адреса на нотарот)

на ден ____ 19__ ____, овој, оваа _____

(име на уписникот или книгата)

и после прегледот издаде

ПОТВРДА

Се потврдува дека овој, оваа_____ _____

(име на уписникот или книгата)

кој, која има_____страници и е исполнет-а до последната страница и е заклучен-а _____, е на ден _____19 __

(уписник или книга)

ставен надвор од употреба и на ден _____ 19 ____ година вратен на нотарот

Број ____

Во _____, _____ 19____ година

(место)' Претседател,

Формат (140 x 100 мм)

Образец бр. 6 (член 6 став 1 точка 6 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ - ТАКСИ

Одобрено ослободување од плаќање

на трошоци - такси

Реден број на пописот на писменото_____

Формат (80 x 30 мм)

Образец бр. 7 (член 6 став 1 точка 7 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ИЗВРШНОСТ НА НОТАРСКИОТ АКТ

Овој нотарски акт е извршен на ден

_____19 ____ година

Овластено нотарско лице,

Формат (80 x 40 мм)

Образец бр. 8 (член 6 став 1 точка 8 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАБЕЛЕШКА ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОДОТ

Јас, НОТАР, _____

(име презиме и седиште)

потврдувам дека овој извод го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно се поклопува со оригиналот

Овој е _____ извод обичен - заверен - потполн - во изводот, кон кого се приложени _____ преписи од прилогот на нотарскиот акт

Овој извод е составен за _____

(име презиме и адреса)

_____ затоа што _____

(ако повторно е издаден)

Нотарската такса по тарифен број од _____ од Законот

_____

(да се наведе прописот)

во износ од _____, денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање

Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член _____ од Законот_____

(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари, и трошоци _____ денари

Број ОДУ _____

Во _____ _____ 19 ___

НОТАР,

_____

Формат (100 x 90 мм)

Образец бр. 9 (член 6 став 1 точка 9 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОД

Изводот од оваа исправа е издаден _____

_____ на ден _____

(име презиме и адреса)

Повторен извод е издаден на ден _____

затоа што _____

Број ОДУ

НОТАР,

_____

Формат (90 x 50 мм)

Образец бр. 10 (член 6 став 1 точка 10 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ИЗВОД

Овој извод е вратен на ден _____

и го изгубл својството на јавна исправа

НОТАР,

_____

Формат (90 x 50 мм)

Образец бр. 11 (член 6 став 1 точка 11 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕПИС

Јас НОТАР _____

(име презиме и седиште)

потврдувам дека е ова препис на изворната исправа - на оверениот препис - на обичен препис _____

_____

(име на исправата)

Напишан е со рака (со молив со хемиско пенкато со мастило) со машина за пишување со други механички или хемиски средства (фотокопие и слично) кој има ____ листови Изворната исправа по моје сознание - по тврдењето на странката се наоѓа _____

_____ - ја донесе со себе

_____

(име презиме и адреса на доносителот)

Нотарската такса по тарифен број од _____ од Законот

_____

(да се наведе прописот)

во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање

Ослободено од плаќање на нотарски такси по тар бр ____ од Законот_____

(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари и трошоци _____ денари

Број УЗП _____

Во _____ _____ 19 ___

НОТАР

_____

Формат (130 x 80 мм)

Образец бр. 12 (член 6 став 1 точка 12 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПОТПИС

Јас, НОТАР, _____

(име, презиме и седиште)

потврдувам дека _____

_____

(име, презиме, занимање и адреса)

во мое присуство своерачно го потпиша писменото - стави свој ракознак на него - го призна потписот за свој - ракознакот на писменото како свој

Идентитетот на подносителот на исправата го утврдив самиот врз основа на лична карта или пасош _____

_____

(број на лична карта, или пасош и орган кој го издал)

со сведоци _____

(име и презиме на сведоците)

_____

(броеви на нивните лични карти или пасоши)

лично познат

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат

Нотарската такса за заверка по тарифен број од _____ од Законот _____

(да се наведе прописот)

во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање

Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член _____ од Законот_____

(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари, и трошоци _____ денари

Број УЗП _____

Во _____ _____ 19 ___

НОТАР,

_____

Формат (130 x 90 мм)

Образец бр. 13 (член 6 став 1 точка 13 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ИЗВОДИ ОД ТРГОВСКИ И ДЕЛОВНИ КНИГИ

Јас, НОТАР, _____

(име, презиме и седиште)

потврдувам дека ова е извод од трговска - деловна книга

_____

(вид и чија е)

Овој извод е спореден со соодветните ставови на страна _____ од изворната книга и се сложува со неа

Трговската - деловната книга е прегледана на ден _____ 19 ___

Нотарската такса за заверка по тарифен број од _____ од Законот _____

(да се наведе прописот)

во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање

Ослободено од плаќање на нотарски такси по тар бр___ од Законот_____

(да се наведе кој закон)

Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари, и трошоци _____ денари

Број УЗП _____

Во _____ _____ 19 ___

НОТАР,

_____

Формат (100 x 70 мм)

Образец бр. 14 (член 6 став 1 точка 14 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА ПРЕВОД

Јас, НОТАР _____
(име, презиме и седиште)
потврдувам дека овој превод е верен на својот изворник, составен на _____ јазик
Превод _____
(име, презиме и седиште на нотарот или толкувачот)
Нотарската такса за заверка по тарифен број _____ од Законот _____
(да се наведе прописот)
во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање
Ослободено од плаќање на нотарски такси, по тар бр ____ од Законот _____
(да се наведе кој закон)
Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари, и трошоци _____ денари

Број УЗП _____

Во _____ 19 __

НОТАР,
_____

Формат (100 x 70 мм)

Образец бр. 15 (член 6 став 1 точка 15 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДА НА ВРЕМЕТО КОГА ИСПРАВАТА Е СТАВЕНА НА УВИД - ПРЕДОЧЕНА

Јас, НОТАР, _____
(име, презиме и седиште)
потврдувам дека оваа исправата ми е предочена, односно во мое присуство _____
(име, презиме и адреса)
ми ја предочи _____
(ден, месец и година)
Идентитетот на лицето кое исправата ми ја предочи е утврден врз основа на лична карта или пасош _____
_____
(број на лична карта или пасош и орган кој го издал)
со сведоци _____
(име и презиме на сведоците)
_____
(броеви на нивните лични карти или пасоши)
лично познат

Нотарската такса за заверка по тарифен број____ од Законот _____
(да се наведе прописот)
во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање
Ослободено од плаќање на нотарски такси, по тар бр ____ од Законот _____
(да се наведе кој закон)
Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари, и трошоци _____ денари

Број УЗП _____

Во _____ _____ 19 __

НОТАР,
_____

Формат (130 x 90 мм)

Образец бр. 16 (член 6 став 1 точка 16 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРИВАТНИ ИСПРАВИ

Јас, НОТАР, _____
(име, презиме и седиште)
потврдувам дека _____
(име, презиме, занимање и адреса)
ми ја/поднесе-поднесоа оваа приватна исправа на потврда
Идентитетот на подносителот на исправата го утврдив самиот врз основа на лична карта или пасош _____
_____
(број на лична карта или пасош и орган кој го издал)
со сведоци _____
(име и презиме на сведоците)
_____
(броеви на нивните лични карти или пасоши и кој ги издал)
лично познат-и
Потврдувам дека оваа исправа ја прочитав и утврдив дека таа по своја форма одговара на прописите за нотарските исправи, а по својата содржина на прописите за содржината на нотарскиот акт
На учесникот-учесниците на правната работа, исправата им ја прочитав и ги предупредив дека потврдената приватна исправа има сила на нотарски акт - на извршност на нотарски акт Учесникот - учесниците изјави - ја дека ги прифаќа - прифаќаат правните последици кои од тоа произлегуваат за него - нив и тоа одговара на неговата-нивните волја-и

Нотарската такса за заверка по тарифен број од _____ од Законот _____
(да се наведе прописот)
во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање
Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член _____ од Законот _____
(да се наведе кој закон)
Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари, и трошоци _____ денари

Број ОДУ _____

Во _____ _____ 19 __

НОТАР,
_____

Формат (130 x 120 мм)

Образец бр. 17 (член 6 став 1 точка 17 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ ДЕКА ТАСКАТА Е ПЛАТЕНА

Таксата е наплатена - Поведена е постапка за наплата
Такси од _____ денари, залепени и поништени
Датум _____ НОТАР,
_____

Формат (80 x 40 мм)

Образец бр. 18 (член 6 став 1 точка 18 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ ДЕКА ТАКСАТА Е ПОМАЛКУ НАПЛАТЕНА

Таксата е помалку наплатена
за _____ денари
Датум _____ НОТАР,
_____

Формат (80 x 40 мм)

Образец бр. 19 (член 6 став 1 точка 19 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ЧУВАЊЕ НА СПИСОТ ДО _____ ГОДИНА

Списот да се чува до _____ година

Формат (70 x 20 мм)

Образец бр. 20 (член 6 став 1 точка 20 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ТРАЈНО ЧУВАЊЕ НА СПИСОТ

Списот да се чува трајно

Формат (60 x 10 мм)

Образец бр. 21 (член 6 став 1 точка 21 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА

ПРЕСМЕТКА ЗА АВАНСИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НАДВОР ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА

Ознака на списот ____

1 Патни трошоци
а) за превоз од _____ до _____ денари _____
б) километри од _____ до _____ денари _____
2 Дневница - паушал . . денари _____
3 Трошоци за сведокот . . денари _____
4 Трошоци и награда за вештакот . . . .. денари _____
5 Такса според тар бр ____ од Законот _____ .. денари _____
(да се наведе прописот)
6 Награда според тар бр ___ од _____ .. денари _____
(да се наведе прописот)

ВКУПНО . . денари _____
аванс платено . . . . . денари _____
Останува за исплата - наплата . денари _____

Датум _____ 19 ____ год

Одобрува исплата Подносител на пресметката,

Формат (120 x 114 мм)

Образец бр. 22 (член 6 став 1 точка 22 од Правилникот)

ШТЕМБИЛ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПРЕПИСИ

Јас, НОТАР, _____
(име, презиме и седиште)
потврдувам дека овој препис _____
(назив на исправата)
го споредив со изворникот, изводот, заверениот препис или обичниот препис на нотарскиот акт, кој е напишан со рака (молив, хемиско пенкало, мастило), машина за пишување, на компјутер, со друго механичко или хемиско средство, фотокопие или сл)
Изворникот на оваа исправа по мое знаење - по тврдење на странката, се наоѓа _____ - го донесе странката
_____
(име презиме и адреса)
Овој е _____препис оверен и кон него се прилагаат _____ преписи, прилози на нотарскиот акт
Преписот е составен за _____
_____
(име, презиме и адреса)
Нотарската такса по тарифен број од _____ од Законот
_____
(да се наведе прописот)
во износ од _____ денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање Таксата на изворникот наплатена во износ од _____ денари
Ослободено од плаќање на нотарски такси, врз основа на член _____ од Законот_____
(да се наведе кој закон)
Нотарската награда е пресметана во износ од _____ денари, и трошоци _____ денари

Број ОДУ _____

Во _____ _____ 19 ___

НОТАР,
_____

Формат (130 x 100 мм)

1017.

Врз основа на член 140 став 1 од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/96), министерот за правда донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НОТАРСКА ТАРИФА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Наградата и надоместокот на трошоците на нотарот за вршењето на службените дејствија се одредуваат според оваа тарифа.

Член 2

Наградата на нотарот се одредува:

1. според вредноста на предметот на заверената правна работа или другите службени дејствија;
2. според времето потребно за припремање и вршење на одредени службени дејствија;
3. во паушален износ, без оглед на вредноста или времето потребно за преземање на одредени службени дејствија.

Договорите за висината на наградата кои се спротивни на оваа тарифа се без дејство.

Член 3

Ако со одредбите на овој правилник не е нешто друго одредено, наградата одредена за определени работи ги опфаќа сите дејствија на нотарот кои тој мора да ги преземе во врска со работата.

Член 4

Страница во смисла на овој правилник се смета страницата на која се отпечатени најмногу 2.000 знаци.

II. ОДРЕДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ПРЕДМЕТОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ ДЕЈСТВИЈА

Член 5

Кога наградата се одредува според вредноста, се одредува според вредноста на предметот на нотарските службени дејствија (на пример: вредноста на предметот на договорот и слично).

За одредување на вредноста меродавно е времето кога се преземаат дејствијата.

Обврските кои го товараат предметот на дејствието треба да се одбијат од неговата означена вредност, а ако таа не може да се одреди – од неговата вредност утврдена според одредбите на овој правилник. Кај двострано-обврзувачките договори вредноста на предметот на нотарското дејствие се одредува според вредноста на она чинење (давање) од взаемните чинења кое е повредно.

При утврдувањето на вредноста во предвид се земаат само главните побарувања; каматите, евентуалните трошоци на постапката, договорните казни, а останатите споредни побарувања не се земаат предвид ако не претставуваат главни побарувања.

Член 6

Вредноста на стварите е нивната пазарна вредност.

Пазарната вредност се одредува според цената која се постигнува во обичниот правен промет, земајќи ги предвид својствата на стварите и сите околности кои можат да влијаат на цената на истите во јавна продажба.

Не е дозволено изведување на докази, за утврдување на пазарната цена.

Ако пазарната цена не може конкретно да се утврди ниту со земање предвид на службено познатите факти

(цена утврдена поради плаќање на данок, висина на осигурената вредност во случај на пожар, податоци од службени органи и слично), ќе се одреди врз основа на слободна проценка.

Кај стекнувањето со надомест меродавна е висината на противдејствието доколку пазарната вредност на стварта не е поголема.

Член 7

Вредноста на заложното право се определува според означената висина на обезбеденото побарување, ако таа е пониска од вредноста на заложените ствари или права, а ако вредноста на заложените ствари или права е пониска од вредноста на обезбеденото побарување, меродавна е вредноста на заложените ствари или права. На ист начин се одредува и вредноста на обезбедените побарувања со засновање на фидуцијарна сопственост.

Вредноста на обезбедените побарувања со гаранција се определува според висината на преземената гаранција.

За промените во редоследот на намирување меродавна е вредноста на правото кое доаѓа понапред, ограничена со вредноста на правото кое доаѓа поназад.

Вредноста на оптоварената недвижност во корист на друга недвижност или во корист на одредено лице, се определува според вредноста, која, со употребата на недвижноста или со воздржувањето од вршење на определени дејствија на таа недвижност, ја има привилегираната недвижност односно лицето.

Член 8

Вредноста на правата на идни чинења (давања) кои се повторуваат, се одмерува според вредноста на сите чинења на обврзникот (должникот) за времето на целокупниот договорен период, но најмногу до износот кој одговара на збирот на вредностите на тие чинења за време од пет години.

Кај договорите за закуп вредноста се одредува според пресметаната едногодишна закупнина, освен ако не се работи за закупен однос склучен на пократко време.

Член 9

Вредноста на договорот за основање на трговско друштво се определува според вкупната вредност на вложувањата на сите основачи. Ако влогот претставува одредена стопанска дејност (погон и слично), вредноста се определува според износот на активата на таа дејност, намалена за обврските кои ја товарат.

Кај промената на договорот за основање на трговско друштво вредноста на работата се определува според големината на промената земајќи го предвид имотот на друштвото намален за обврските. Ако промената се однесува на одреден паричен износ, меродавен е тој износ.

Кај преносот на влоговите во трговското друштво меродавна е вредноста на пренесениот влог ако е поголема од вредноста на противчинењето, а ако е пониска, меродавна е вредноста на противчинењето.

Кај договорот за спојување на трговските друштва, вредноста се определува според одредбата од став 1 на овој член, а кај договорот за припојување на трговските друштва според вредноста на активата на трговското друштво, кое се припојува, намалена за обврските кои го товараат.

Одредбите од претходните ставови на соодветен начин се применуваат и на случаите во кои трговското друштво се основа односно врши промена со изјава на еден основач.

Одредбите од претходните ставови од овој член на соодветен начин се применуваат на договорите и пријавите за упис во врска со установите, задругите и фондациите.

Член 10

Вредноста на договорите за уредување на имотните односи меѓу брачните другари и меѓу лицата кои живеат во вонбрачна заедница, се одредува според вредноста на имотот на двете договорни страни кој е предмет на договорот, намалена за обврските.

Вредноста на располагањата во случај на смрт се одредува според вредноста на имотот на оставителот, намалена за обврските, односно според вредноста на делот од имотот кој е предмет на располагање, намалена за обврските.

Член 11

Кај општите полномошна со кои нема ограничување на правата на располагање, вредноста на работата се определува според слободна процена, земајќи ја предвид активата на имотот на давателот на полномошното, намалена за обврските. Ако полномошното се однесува само за определена работа, вредноста на нотарското дејствие се определува според вредноста на работата.

Одредбата од став 1 на овој член, на соодветен начин се применува и за определување на вредностите на другите нотарски службени дејствија, освен ако за вршење на тие дејствија не е определен друг начин за определување на наградата.

III. НОТАРСКИ АКТИ

Член 12

За составувањето на нотарските акти на нотарот, му припаѓа награда:

1. Ако вредноста на предметот на службеното дејствие е:

од денари	до денари	награда во денари
0	10.000,00	100,00
10.001,00	25.000,00	250,00
25.001,00	50.000,00	500,00
50.001,00	100.000,00	1.000,00
100.001,00	300.000,00	3.000,00

Ако вредноста на предметот на службеното дејствие го преминува износот од 300.000,00 денари, нотарот има право, покрај наградата од 3.000,00 денари, на дополнителна награда од 100,00 денари на секои започнати 10.000,00 денари.

Најголемата награда одредена според одредбата од став 1 на овој член, не смее да биде поголема од 10.000,00 денари.

Со наградата од став 1 на овој член, опфатена е и наградата за заверка на нотарскиот акт, како и за издавање на извод и препис ако се издаваат непосредно по составувањето на нотарскиот акт.

За нотарските акти кои се составуваат на обрасци, односно за кои постојат стандардизирани обрасци, во нотарската практика, на нотарот му припаѓа награда во висина од 50% од наградата од став 1 на овој член.

Член 13

Ако вредноста на предметот на нотарскиот акт не може да се утврди, нотарот има право на награда според вредноста која ја определила странката, но не помала од 1.000,00 денари за договорите кои се однесуваат на трговските друштва, установите, задругите, здруженијата и фондациите, односно не помала од 500,00 денари за останатите нотарски акти.

Ако вредноста на предметот кај едностраната изјава на волја не може да се утврди, наградата изнесува 250,00 денари.

Член 14

Ако во составувањето на нотарскиот акт учествуваат повеќе од две странки, наградата од член 12 став 1

од овој правилник, се зголемува за третата и секоја наредна странка по 10%, но најмногу до 50%.

Ако во составувањето на нотарскиот акт учествуваат повикани сведоци, толкувачи или преведувачи, нотарот има право на дополнителна награда од 250,00 денари.

Толкувачите и преведувачите од став 2 на овој член, имаат право на награда и надоместок на трошоците според правилата кои го уредуваат определувањето на наградата и надоместокот на судските толкувачи и преведувачи.

Член 15

Ако во составувањето на нотарскиот акт учествуваат повеќе нотари, наградата од член 12 став 1 од овој правилник, се зголемува за по 50% за секој нареден нотар. Нотарот во чија канцеларија е преземено дејството има право на основната награда, а останатите нотари на зголемената награда.

Член 16

Ако потврдувањето (солемнизацијата) на приватната исправа може да се изврши без составување на посебен нотарски акт, нотарот има право на 50% од наградата од член 12 став 1 на овој правилник.

Ако потврдувањето (солемнизацијата) на приватната исправа се врши со составување на посебен нотарски акт, нотарот има право на наградата од член 12 став 1 на овој правилник.

IV. ПОТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ИЗЈАВИ

Член 17

Нотарот има право на награда од 100,00 денари за секоја страница заверен препис, односно заверен извод од трговските и деловните книги.

Член 18

За заверка на преводот кој сам го направил, нотарот има право на награда од 100,00 денари по страница превод, а за заверка на преводот чија точност ја проверил има право на награда од 200,00 денари по страница превод.

Во наградата предвидена во став 1 од овој член не влегува наградата за преводот кој нотарот сам го направил.

Член 19

За заверка на потпис или ракознак, нотарот има право на награда од 100,00 денари.

Ако при заверката на потписот или ракознакот учествувале и сведоци, нотарот има право на дополнителна награда од 100,00 денари.

Нотарот има право на дополнителна награда од 100,00 денари и ако при заверката на потписот или ракознакот учествувал толкувач или преведувач или ако исправата морал да ја прочита.

Член 20

За потврда за времето кога исправата му е поднесена (предочена) на нотарот му следува награда од 100,00 денари.

Член 21

За потврда дека некој е жив, на нотарот му следува награда од 300,00 денари.

Член 22

За издавање на овластување за застапување на нотарот му припаѓа награда од 200,00 денари.

За потврда на други факти кои нотарот треба да ги утврди од јавен регистар, на нотарот му следува награда од 1.000,00 денари. Оваа награда го покрива времето потребно за собирање на податоци и сите трошоци во врска со тоа.

Член 23

За писмено или усно соопштување на изјави и за издавање на потврда за соопштена изјава, нотарот има право на награда од 500,00 денари.

Ако соопштувањето на изјавата е поврзано и со преземање на некое правно дејство, нотарот има право на дополнителна награда од 250,00 до 500,00 денари, во зависност од времето кое е потребно за преземањето на тоа дејство.

Член 24

За примање на изјави под заклетва, нотарот има право на награда од 250,00 до 500,00 денари, во зависност од сложеноста на големината на изјавата.

Член 25

За потврдување на други факти, нотарот има право на награда од 500,00 до 1.000,00 денари, во зависност од сложеноста на извршената работа и времето потребно за извршување на службеното дејство.

Член 26

За протестирање на меници, чекови и други хартии од вредност, нотарот има право на награда според одредбите од член 12 став 1 на овој правилник. Таа награда ја опфаќа и наградата за времето кое е потребно за извршување на дејствијата на протестот.

V. ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОДИ, ПОТВРДИ, ПРЕПИСИ И ИЗВАДОЦИ

Член 27

За повторно издавање на изводи и преписи, на нотарот му припаѓа награда од 250,00 до 500,00 денари, во зависност од големината на изводот или преписот, бројот и големината на прилозите, како и времето потребно за негово издавање.

Одредбата од став 1 на овој член, соодветно се применува и на извадоци од нотарските акти.

Член 28

За издавање на потврди за записници и уписи во уписници, нотарот има право на награда од 250,00 до 500,00 денари, во зависност од големината на потврдата и времето кое е потребно таа да се издаде.

Член 29

За издавање на потврда за постоење на нотарскиот акт, нотарот има право на награда од 200,00 денари.

Член 30

За давање потврда за извршност на нотарскиот акт, нотарот има право на награда од 200,00 денари.

VI. ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИСПРАВИ, ПАРИ И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЗАРАДИ ЧУВАЊЕ И ПРЕДАВАЊЕ

Член 31

За чување и предавање на исправи, нотарот има право на награда според одредбите од член 12 став 1 на овој правилник.

Ако вредноста на исправите не може да се утврди, нотарот има право на награда од 500,00 до 1.000,00 денари, во зависност од големината на исправите, нивното значење, времето и местото на чување.

Со наградите од став 1 и 2 на овој член, се опфатени сите дејствија кои нотарот мора да ги преземе во врска со чувањето на доверените исправи.

Член 32

За чување и предавање на пари, хартии од вредност и предмети од вредност, нотарот има право на награда според одредбите од член 12 став 1 на овој правилник.

Ако чувањето или предавањето на пари, односно на хартии од вредност, треба да се изврши надвор од канцеларијата на нотарот, нотарот има право на дополнителна награда од 500,00 до 1.500,00 денари, во зависност од вредноста на парите, хартиите од вредност и предметите од вредност, како и од времето потребно за преземање на дејствието и начинот на неговото преземање.

Со наградите од став 1 и 2 на овој член, опфатени се сите дејствија кои нотарот мора да ги преземе во врска со чувањето и предавањето на доверените пари, хартии од вредност и предмети од вредност.

VII. ДАВАЊЕ НА СОВЕТИ И ДРУГИ РАБОТИ

Член 33

Нотарот нема право на награда за советите кои ги дава во припремите или во врска со главната работа за која наплатува награда.

Нотарот има право на награда за советите кои ги дава во сите други случаи на барање на странките, и тоа од 250,00 до 1.000,00 денари, во зависност од вредноста на предметот за кој советот се однесува, потрошеното време и местото каде дејствието е преземено.

Член 34

Ако нотарот припремил само нацрт на некоја исправа, има право на 50% од наградата предвидена за составување на таа исправа како нотарски акт.

За побарана проверка на нацрт на исправа, нотарот има право на 25% од наградата предвидена за составување на таа исправа како нотарски акт.

Ако се побара од нотарот во рок од една година да ја потврди исправата за која составил нацрт или која ја проверил, во тој случај наградата наплатена спрема одредбите од став 1 и 2 на овој член, се зема во предвид при одредувањето на наградата за потврдувањето.

Ако барањето за потврда на исправата се повлече пред започнувањето на дејствието на потврдување, нотарот има право на четвртина од полната награда за потврда.

Ако заверката по започнувањето на дејствието за потврдување не се заврши, нотарот има право на половина од наградата за потврдување.

VIII. ТРОШОЦИ

Член 35

Нотарот има право на надомест на трошоците во врска со изработката на изводите и преписите кои на барање или по сила на закон бил должен да ги издаде.

За секоја страна, трошоци на преписот се признаваат во висина од 30,00 денари.

Член 36

Нотарот има право на надомест на:

1. трошоци за користење на телефон, телефакс и електронска пошта;
2. поштенски трошоци;
3. патни трошоци кај работите кои биле преземени надвор од неговата канцеларија по барање на странката, според прописите кои важат за судиите.

IX. ДОПОЛНИТЕЛНА НАГРАДА

Член 37

Ако на барање на странката или со оглед на видот на работата, службеното дејствие треба да се изврши надвор од канцеларијата, нотарот има право на дополнителна награда поради излегување од канцеларијата, ако претходно со одредбите на овој правилник не е поинаку определено, во висина од 20% од висината на наградата предвидена за дејствието за кое патува, за секој започнат час поминат надвор од канцеларијата, но не повеќе од седум часа за еден ден.

За преземање на дејствија надвор од работното време, нотарот има право на дополнителна награда од 50% од полната награда, но не повеќе од 1.500,00 денари.

Ако нотарот службеното дејствие го презема надвор од канцеларијата и надвор од работното време, има право на двете награди според став 1 и 2 на овој член.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Овој правилник важи сé додека Главниот совет во согласност со министерот за правда не донесе нова нотарска тарифа.

Член 39

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 09-2271/1
3 октомври 1997 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Ѓорѓи Спасов**, с.р.

1018.

Врз основа на членовите 1, 2, 4, 9, 12 и 16 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ", бр. 40/87), член 1 од Законот за изменување на Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ" бр. 36/89) и член 8 од Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградата „11 Октомври", Одборот за доделување на наградата „11 Октомври", на седницата одржана на 6.10.1997 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „11 ОКТОМВРИ" ВО 1997 ГОДИНА, ЗА ДОЛГОГОДИШНИ ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ВО КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА, НАУКАТА, ОБРАЗОВАНИЕТО И СТОПАНСТВОТО ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. За долгогодишни особено значајни остварувања во областа на културата и уметноста, наградата се доделува на:

1. Петар Т. Бошковски, писател од Скопје;
2. Бранко Гапо, режисер од Скопје;
3. Олгица Наумовска, актер од Битола;
4. м-р Димче Николов, академски графичар од Скопје;
5. Сојуз на композиторите на Македонија од Скопје.

II. За долгогодишни особено значајни остварувања во областа на науката и образованието, наградата се доделува на:

1. Земјоделски институт и Земјоделски факултет од Скопје;
2. Медицински факултет од Скопје;
3. проф. д-р Славко Матовски од Скопје.

III. За долгогодишни особено значајни остварувања во областа на стопанството, наградата се доделува на:

1. дипл. инж. Јорго Ќука, стопанственик од Скопје и

2. дипл. инж. Илија Ѓорѓиев, стопанственик од Неготино.

IV. На наградените им се доделува:

– на поединец: диплома, плакета и паричен износ од осум (8) просечни лични доходи исплатени во стопанството на Република Македонија во тримесечјето јули, август, септември 1997 година

– на организацијата: диплома и плакета.

V. Оваа одлука да се објави во „Службен веснк на Република Македонија“.

Претседател на Одборот,
проф. д-р Славчо Бахчеванциев, с. р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужба на тужителката Пасковска Слободанка од Скопје, ул."Атанас Митрев" бр. 3/18, против тужениот Крсто Пасковски од Скопје со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави во овој суд и во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужениот не постапи по налогот на овој суд, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред овој суд.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје. (14140)

ОСНОВЕН СУД ВО БЕРОВО

Пред Основниот суд во Берово се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Павлина Мишовска од Берово, а сега со непозната адреса во СР Германија.

Се повикува тужениот Јован Мишовски од Берово да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот или да назначи свој полномошник.

Доколку во истиот рок не се јави или не одреди свој полномошник на тужениот ќе му биде поставен привремен застапник од редот на стручните соработници при овој суд кој ќе ги застапува неговите интереси се до окончување на постапката.

Од Основниот суд во Берово, П.бр.126/97. (13910)

ОСНОВЕН СУД ВО ОХРИД

Се повикуваат лицата кои полагаат право на наследство на оставината на покојната Арнаудова Ристо Иванка, родена на 18.VI.1926 година, а умрела 1988 година во Охрид. Оставината се состои од една идеална половина од куќа и двор на Кп.бр.15820 за КО-Охрид, по поседовен лист бр. 10936. Се повикуваат наследниците да се јават во рок од една година од денот на објавувањето на огласот и да дадат наследничка изјава по однос на имотот предмет на оставината, како и да се изјаснат дали го признаваат договорот за доживотна издршка заклучен од страна на оставителката за време на животот, и Феринец Хармет од друга страна, за едната идеална половина од куќата и дворот, во предметот О.бр.122/97.

Од Основниот суд во Охрид, О.бр.122/97. (14011)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води граѓанска парница за надомест на штета по тужбата на тужителот Рамадани Исак од с. Раковец, против тужениот Алија Буран од с. Раковец, а сега со непозната адреса во Италија.

Се повикува тужениот Алија Буран се јави да во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во Основниот суд во Тетово, или овласти свој полномошник. Доколку тоа не го стори во определениот рок судот ќе му постави привремен старател преку центарот за социјални работи во Тетово, кој ќе се грижи за неговите права и интереси до правилното окончување на овој спор.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.359/97. (13911)

Пред овој суд се води постапка за развод на брак од тужителот Бејтули Љатиф од Тетово, ул."Љубо Божиновски Пиш"бр.119, против тужената Бејтули Ганимет од Тетово, ул."Љубо Божиновски Пиш" бр. 119, сега со непозната адреса во Косово.

Се повикува тужената Бејтули Ганимет да се јави во рок од 30 дена во Основниот суд во Тетово Во спротивно, судот ќе и постави привремен старател кој ќе се грижи за нејзините права и интереси во постапката.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.1328/97. (14004)

Пред овој суд се води спор за повраќај на средства по тужбата од тужителот Исмаили Ештрев од с. Чифлик, против Исмаили Елез и други од Тетово и Елези Ибраими од с. Буковиќ, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Елез Ибраими да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ".

Во спротивно доколку не се јави, судот ќе одреди привремен старател кој ќе се грижи за интересите во постапката.

Од Основниот суд во Тетово,П.бр.931/97. (14005)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд во Битола, со решението Трег. бр. 410/97, на регистарска влошка бр. 000547 го запиша во трговскиот регистар Трговецот поединец Сузана Лозаноска за промет на мало „Е. Кардел“ бр. 497, Струга.

Основач е Сузана Лозаноска.

Дејности: 070122, 070123, 070124, 070125, 070132.

Овластувања во свое име и за своја сметка.

Одговара лично со целиот свој имот.

Овластен потписник е Сузана Лозаноска со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности.

Од Основниот суд во Битола, Трег. бр. 410/97.
(350а)

Основниот суд во Битола, со решението Трег. бр. 411/97, на регистарска влошка бр. 000548 го запиша во трговскиот регистар Трговецот поединец Мемет Ајри Насуфи за промет на мало Велешта, ТП.

Основач е Мемет Насуфи.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070126, 070127, 070128, 070129.

Овластувања во свое име и за своја сметка.

Одговара лично со целиот свој имот.

Овластен потписник е Мемет Ајри Насуфи со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности.

Од Основниот суд во Битола, Трег. бр. 411/97.
(352 а)

Основниот суд во Битола, со решението Срег. бр. 1680/97 на регистарска влошка бр. 3-102 го запиша во судскиот регистар основањето на Фонд за локални патишта на Општината Могила, Могила.

Основачкиот совет на општина Могила

Предлага најповолни концесионери за користење на локалните патишта, утврдува начелни мислења и ставови по прашања од областа на јавни патишта за кој треба да се расправа пред органите на општината и пред други органи, определува методологија за утврдување на вредноста на локални патишта и амортизација на истите, врши инвеститорски и технички надзор во име на општината над изградбата, реконструкцијата како и заштита на локалните патишта, како и врши технички преглед на извршените работи на инвестиционо одржување, донесува Статут на фондот по претходно добиено позитивно мислење од Советот, донесува општи акти на Фондот, донесува финансиски план на фондот, врши и други работи утврдени со Закон и со акт на Општината Могила.

Согласно член 21 од Законот за Јавни патишта фондот ќе ги врши следните дејности: планира изградба, реконструкција, одржување на локалните патишта, ја извршува годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта, ги следи и анализира состојбите во врска со изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштита на локалните патишта, презема мерки за рационално користење на средствата потребни за развој на локалните патишта, ја предвидува висината на надоместокот на средствата утврдени со закон и акти на Советот на општината Могила, врши инвестициони работи од областа на локалните патишта, се здолжува кај домашни и странски финансиски институции, врши отстапување на работи на соодветни претпријатија во врска со проектирање, изградба и реконструкција на локалните патишта, организира изработка на студии и проекти од областа на локалните патишта, доверува работи за одржување и заштита на локалните патишта на јавни претпријатија за заштита и ги уредува меѓусебните права и односи, предлага норми за одржување и заштита на патиштата и ги утврдува меѓусебните права.

Фондот во прометот со трети лица настапува во свое име и за своја сметка.

Овластен застапник е Славко Велевски, в.д. директор

Од Основниот суд во Битола, Срег. бр. 1680/97.

(359а)

Основниот суд во Битола, со решението Срег. бр. 1736/97 на регистарска влошка бр. 3-110 го запиша во судскиот регистар основањето на Фонд за локални патишта на Општината Старавина.

Фондот ќе ги врши дејностите согласно чл. 21 од Законот за јавни патишта.

Во правниот промет со трети лица Фондот истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските во правниот промет со трети лица Фондот одговара со целиот свој имот.

Фондот го застапува Тодор Гулевски, директор без ограничување во рамките на запишаната дејност.

Од Основниот суд во Битола, Срег. бр. 1736/97.

(360а)

Основниот суд во Штип, со решението Срег. бр. 750/97 на регистарска влошка бр. 1-7094-0 го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Трговското претпријатие „КАЈ-ЈАК" увоз-извоз п.о. ул. „1-ви Мај" бр 111, Кочани.

Дејности: 050302

Од Основниот суд во Штип, Срег. бр. 750/97.

(338а)

Основниот суд во Штип, со решението Срег. бр. 753/97 на регистарска влошка бр. 1-10692-0 ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице за застапување на Претпријатието во приватна сопственост за производство, услуги и трговија на големо и мало увоз-извоз „ЛЕСИ-КОМЕРЦ" п.о. ул. „8-ми Септември" бр. 161, Радовиш.

Од директор на претпријатието е разрешен Камчев Васил, кој се брише од застапник на претпријатието во внатрешниот и надворешниот трговски промет.

За нов директор е именувана Камчева Брижита, која се запишува за застапник на претпријатието со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот трговски промет.

Од Основниот суд во Штип, Срег. бр. 753/97.

(340а)

Основниот суд во Штип, со решението Срег. бр. 781/97 на регистарска влошка бр. 1-14144-0 го запиша во судскиот регистар основањето на Приватната здравствена организација – Ординација по општа медицина и специјалистичка ординација по гинекологија и акушерство „АЛЕКСАНДАР" п.о. „Младинска" бб, Струмица.

Основач е Живка Јанкова од Струмица.

Дејност: 130120.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка. Одговара со сите свои средства (потполна одговорност).

За обврските на Претпријатието основачот не одговара.

Директор на Приватната здравствена организација е Марина Јанокова, без ограничување во застапувањето.

Од Основниот суд во Штип, Срег. бр. 781/97.

(341а)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 769/97 на регистарска влошка бр. 1-11446-0 го запиша во трговскиот регистар пристапувањето на основач на Приватната здравствена организација – ординација по општа медицина „ДР. ДОНЕВСКИ АЦО" п.о. ул. „9-ти Мај" бр. 19, Кочани.

Како основач на ПЗО пристапува Бобринска Олга. Вложува 100,00 ден. обртни средства.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 769/97. (342а)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 295/97 на регистарска влошка бр. 6-372-000 го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговец-поединец ВАЛЕНТИНА НАКО НИКОЛОВСКА Т.П. Штип, ул. „Никола Коперник" бр. 2.

Овластен потписник е Валентина Николовска од Штип.

Дејности: 060501, 060502, 060503, 060601, 060602.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за сметка на фирмата, а за обврските одговара со целиот свој имот.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 295/97. (343а)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 307/97 на регистарска влошка бр. 6-384-000 го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговец-поединец Тони Божин Најденов ТП с. Мокриево бр. 85а, Ново Село.

Дејности: 060501, 060602.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во тој промет одговара лично со целиот свој имот.

Најденов Тони, овластен потписник.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 307/97. (344а)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 294/97 на регистарска влошка бр. 6-371-000 го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговец-поединец Јованка Ѓорѓи Дафева ТП ул. „Младинска" бр. 201/17, Струмица.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070126, 070127,. 070128, 070129, 070132.

Во правниот промет со трети лица Трговецот поединец истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во тој промет одговара со целокупниот свој имот.

Дафева Јованка, овластен потписник без ограничување.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 294/97. (345а)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 336/97, на регистарска влошка бр. 6-413-000 го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговец-поединец ТП Берово, Зоран Васко Кафеџиски, ул. „Моша Пијаде" бр. 2.

Дејности: 08019, 080190.

Во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка.

Во правниот промет со трети лица одговара лично со целокупниот свој имот.

Овластен потписник Зоран Васко Кафеџиски, без ограничување.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 336/97. (346а)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 320/97 на регистарска влошка бр. 6-397-000 го запиша во трговскиот регистар Трговецот поединец Соња Благој Апостолова ТП с. Сушица, бр. 288, Ново Село.

Основач и овластен потписник без ограничување е Соња Благој Апостолова од с. Сушица.

Дејности: 0701, 070111, 070112, 070113, 070114, 07012, 070123, 070132.

Во правниот промет со трети лица ТП настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските одговара лично со целиот свој имот.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 320/97. (347а)

Основниот суд во Штип, со решението Трег. бр. 319/97 на регистарска влошка бр. 6-396-000 го запиша во трговскиот регистар Трговецот поединец Бранко Ѓорѓи Христов ТП, ул. „Светозар Марковиќ" бр. 59, Струмица.

Основач и овластен потписник без ограничувања е Бранко Ѓорѓи Христов од Струмица.

Дејности: 090171, 0901, 070111, 070112, 070113, 070114, 070190, 080129.

Во правниот промет со трети лица ТП настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските спрема трети лица одговара со целиот свој имот – лично.

Од Основниот суд во Штип, Трег. бр. 319/97. (348а)

Основниот суд во Битола, со решението Трег. бр. 415/97, на регистарска влошка бр. 000552 го запиша во трговскиот регистар Трговецот поединец Абдулами Абиш Шеј за промет на мало Велешта, ТП.

Основач е Абдулами Шеј.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070126, 070127, 070128, 070129.

Овластувања во свое име и за своја сметка.

Одговара лично со целиот свој имот.

Овластен потписник е Абдулами Шеј со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности.

Од Основниот суд во Битола, Трег. бр. 415/97.

Основниот суд во Битола, со решението Трег. бр. 418/97, на регистарска влошка бр. 000555 го запиша во трговскиот регистар Трговецот поединец Реан Нешат Даути, Тапацерија Дизајн – Тапацер, ул. „Душан Јовески" бр. 6, Кичево.

Вршител на дејност е Реан Нешат Даути.

Дејност: 090140.

Овластен потписник е Реан Даути.

Од Основниот суд во Битола, Трег. бр. 418/97.

(351а)

Основниот суд во Битола, со решението Трег. бр. 414/97, на регистарска влошка бр. 000551 го запиша во трговскиот регистар Трговецот поединец Маја Кирил Јованоска за угостителство ул. „Ѓуро Салај" бр. 12, Струга.

Основач е Маја Јованоска.

Дејности: 080129, 190, 080190.

Овластувања во свое име и за своја сметка.

Одговара лично со целиот свој имот.

Овластен потписник е Маја Јованоска со неограничени овластувања во рамките на запишаните дејности.

Од Основниот суд во Битола, Трег. бр. 414/97.

(353а)

СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Со Решението Ст.бр. 371/97 на Основниот суд во Охрид од 24.IX.1997 година отвори стечајна постапка према должникот ПП "Верифера" - Охрид но не се спроведува и се заклучува.

Од Основниот суд во Охрид. (13907)

Со решението Ст.бр.190/97 на Основниот суд во Битола, од 02.X.1997 година, над ПП "ФИ-БИ" се отвора стечајна постапка но не се спроведува и се заклучува.

Од Основниот суд во Битола. (13908)

Основниот суд Скопје II - Скопје објавува дека со решението Ст.бр.676/96 од 21.V.1997 година е отворена стечајна постапка над должникот ПП "Техно Пром" од Скопје, ул. "Пандо Кљамев" бр. 94.

За стечаен судија е одредена Магдалена Бајалска - Ѓорѓиевска, судија при овој суд.

